Македонска ризница

електронско списание

Република Македонија

Септември 2013 | Број 14
ISSN 1857-9314

Македонска Ризница

ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК:
Благојче Андонов

ИЗДАВАЧ:
Александар Стеванов

ДИЗАЈН:
Сашо Гачев

РЕДАКЦИЈА:
Гоце Панговски

СОРАБОТНИЦИ:

Мирко Видоески
Стефан Илиевски
Димитриј Михајловски
Стефани Сенар
Милица Пашовска
Владо Јаневски
Никола Анѓелкоски

МАКЕДОНСКА РИЗНИЦА

Почитувани читатели,

Пред нас е месецот во кој што ќе ја одбележиме 22-годишнината од независноста на Република Македонија. Тоа е вовед во независноста и културната еманципација на македонскиот народ, како и вовед во една нова историја која заеднички, секојдневно ја градиме. Речено е дека *„Племето наше е пиреј, и не го ништи ни една војска. Ама ти колку сакаш кошкај ја, куби ја, таа пак не умира. Само малку да се допре до земја и пак ќе се фати, ќе оживи ...“ **

Затоа со огромна чест и задоволство Ви го претставувам четиринаесеттиот број на е-списанието „Македонска Ризница“, преку кое уште еднаш се докажа вечноста, истрајноста и борбеноста на народот. Затоа што народ без своја историја е народ без душа. А без душа не би постоеле.

Празникот 8-ми Септември нека даде поттик на секој од нас, за продолжување на битката за духовно богатство. Се надевам дека секоја страница од оваа ризница ќе побуди една поголема љубов и почит кон ова парче земја на сите Македонци ширум светот. Како што постои едно сонце денот што го осветлува, така постои и една татковина срцата што ги угрејува.

Милица Пашовска

**Цитат од романот “Пирej” на Петре.М.Андреевски*

Во овој број ќе читате:

Мери Едит Дурам и Македонија
Александар Стеванов 04
Фотографии од Охрид
Благојче Андонов 08
Мрачните приказни од оловните времиња
„Боите на Самракот“ – Мирко Видоески 16
Ајдутството во Македонија
Стефан Илиевски 18
Димитриј Михајловски - илустратор
Александар Стеванов 40
Македонска писателка од Франција - Стефани Сенар
Александар Стеванов 46
111 години од раѓањето и 56 години од прераната смрт на Методија Андонов-Ченто
Гоце Панговски 50
“Селските населби и куќи во Потпелистерието - културно наследство на Битолско-преспанскиот регион”
Рецензија на книгата на д-р Викторија Момева Алтипармаковска 62
Поезија
Милица Пашовска 64
Слики
Владо Јаневски 66
Светот на Бромо
Владо Јаневски 68
Портрет карикатура - Никола Карев
Никола Анѓелкоски 69
Икони од Македонија
Редакција 71

МЕРИ ЕДИТ ДУРАМ И МАКЕДОНИЈА

CHRISTIAN QUARTERS OF OCHRIDA.
(FROM MY WINDOW.)

CHURCH OF ST. SOFIA, OCHRIDA.

По инсистирање на нејзиниот лекар да замине на одмор во странство, Британката Мери Едит Дурам [8.12.1863-15.11.1944], на 37-годишна возраст, се упатила кон Балканскиот полуостров со цел да се опорави од долгогодишната грижа за нејзината болна мајка. Сепак она што за неа требало да претставува кратка посета, се претворило во дваесетгодишно патешествие низ балканските земји и најкарактерстичен период од нејзиниот живот.

Своето патување, на почетокот од новиот век, Мери Едит Дурам го почнала по јадранското крајбрежје, од Трст преку Котор до Цетиње, ја посетила и нашата Македонија, а најдолго се задржала во Албанија.

Иако Британка, поради силното залагање за албанската кауза таа е сметана за албанска хероина и една од најистакнатите личности во албанската историја на XX век. За време на својот подолг престој во Албанија, според албанската традиција на „заколнатите девици“ која што опстојува и до ден денес, Мери Едит Дурам патувала облечена како маж, во машка облека, и станала позната под прекарот „кралица на планинците“.

За разлика од соседна Албанија, во македонската историографија Мери Едит Дурам е едвај позната. Во дел од нејзиното творештво, се спомнува и Македонија и Македонците, но нејзината предубеденост и заслепеност од пропагандите ја спречиле да донесе логичен заклучок од настаните и да ја види вистинската слика на случувања.

Во една од нејзините седум книги, „Тежината на Балканите“ [Burden of the Balkans] од 1905 година, е спомнато дека населението во Македонија се идентификувало со славниот македонски крал и освојувач Александар III Македонски:

„Песна беше пеена за време на последното македонско востание [веројатно се мисли на Илинденското востание од 1903 година], во која што орел, што лета над земјата, прашува која е причината поради големата возбуда и кажано му е дека синовите на Александар востануваат.“

[A song was sung during the late Macedonian insurrection, in which an eagle, who is soaring over the land, asks what is the cause of so much excitement, and is told that the sons of Alexander are arising.]

Сепак, и покрај ова, таа останала предубедена дека Александар III Македонски не би можел да биде предок на Македонците, па дури и надмено го исмева сведоштвото на извесен Георги. За него Мери Едит Дурам вели дека е „Бугарин“ [веројатно Македонец егзархист] и дека кај „кутриот Георги“ немало никаков сомнеж оти е потомок на Александар Велики.

Ваквата историја ни се повторува и денес. Со истиве



исмевања, за сметка на наводно искривување на македонската историја и божемната антиквизација на истата, денес се служат разни ЕУ бирократи заслепени од митот за Грција како колевка на цивилизацијата и хеленизмот.

И покрај сè ниеден обид за ампутирање на античка Македонија од македонската историја не може да го избрише фактот дека гореспоменатиот Георги ни од далеку не бил единствениот Македонец кој што немал сомнеж за своето потекло од античките Македонци на Александар. Низа на истакнати македонски дејци го споменуваат овој славен македонски крал од антиката како свој предок.

Вториот Хомер, македонскиот поет Григор Прличев вели дека „Мајка Македонија много е ослабнала. Откако породи великаго Александра“. Еден друг македонски преродбеник, Ѓорѓија Пулевски, во песната „Самовила Македонска“ исто така го спомнува овој славен

македонски крал, прашувајќи: „Дал сте чуле, Македонци, стари луди оти говорат: Од Македонци појунаци над них не било - Цар Александар Македонски триста лета пред Христа со Македонци сву вселену повладал“. Александар се спомнува и кај Марко Цепенков во песната со наслов „Мајка Македонија ги советува своите чеда“, во која што Македонците се повикуваат да се потсетат на нивниот славен предок Александар III Македонски.

Па и покрај тоа што го исмева потеклото на Македонците од античките Македонци на Александар Велики, Мери Едит Дурам, ни оставила нам Македонците сведоштво за едно сега веќе минато време. Таа била школувана на Кралската академија на уметностите [Royal Academy of Arts] и развила голем талент за цртање. За време на својот престој на Балканот насликала поголем број на цртежи, меѓу кои има и такви од Македонија.

Александар Стеванов

ФОТОГРАФИИ ОД ОХРИД

Освен што оставила неколку цртежи со мотиви од Македонија, Мери Едит Дурам во Македонија направила и поголем број на фотографии. Електронското списание „Македонска Ризница“ ви претставува дел од тие фотографии направени во македонскиот и балкански бисер, Охрид.

Уредил: Благојче Андонов



„Боите на Самракот“ – Мирко Видоески

МРАЧНИ ПРИКАЗНИ ОД ОЛОВНИТЕ ВРЕМИЊА

Македонија, 1913година.

Втора Балканска Војна. На Јужниот фронт во првите борбени редови, во три различни војски: српската, бугарската и грчката, во братоубиствена стрелба загинаа над 10.000 македонски синови борејќи се под туѓи знамиња, за туѓи интереси, но со единствена цел и надеж: Македонија!

Со Македонија завладеаја силите на злото. Ја поделија, распарчија, раселија... Завладеаја болести, глад, немаштија, неизвесност. Црнила. По петвековното турско ропство наместо блесок на македонското сонце - МРАК.

Фолклорот на еден од најстарите цивилизирани народи на светот, македонскиот (кој новите „цивилизирани” народи перманентно го уништуваат) од тој период се збогати за мноштво чудни приказни, кои ги слушавме од нашите дедовци и баби; за необичните појави, за силите на мракот. Приказни во кои се испреплетуваат сонот, јавето, митовите, легендите, вистинските настани и фантазијата, стварното и имагинарното. Каква што е и историјата на Македонија: големи победи, изгубени битки, предавства, неправди желби, надежи, лаги и вистини. Јунаци и кукавици. Лажни херои и неми сведоци.

*****

Тетово, Македонија, март 2001 година.

Историјата се повторува... И секогаш на штета на Македонија и Македонците. Внуците на качаците кои го убија мојот прадедо Насто беснеат на Шар Планина...

Одамна ме водеше мислата да ги прераскажам мрачните приказни од оловните времиња кои ги слушав како дете од постарите. Не успеав во тоа. Или можеби со оваа книга што е предмет на Вашата опсервација сепак сум ја постигнал целта: приказните сум ги напишал, но обоени со спектарот на боите на самракот. Очистени од минливоста на времето и менливоста на просторот. Темата е иста: борбата меѓу доброто и злото. Другото се нијанси.

Злото не мирува. Тоа е во нас и меѓу нас. Ова се приказни за вечната борба меѓу доброто и злото; за добрите духови и лошите луѓе; за длабоката вера и предавството на сопствените идеали. За страста како прв чекор кон втурнување во прегратките на злото. За љубовта која ги поминува и невидливите граници. За желбата, надежта и стремежот кон поубав и пријатен живот, но кои водат кон патеката која води на другата страна од непознатото и спознаеното... На патот од кој нема враќање за слабите со вера и дух. Приказни за смртта како неминовност: за едни мрак и вечна темнина, за други ослободување и јасна светлина. Просветлување на духот. Верувајте. Бог е во нас и околу нас.

Книгата „Боите на Самракот“ од Мирко Видоески е една многу интересна збирка од 20 раскази со фантастична содржина. Книгава е одлична за добрите духови и лошите луѓе. Македонска ризница со гордост ви го претставува ова прекрасно дело.

Мирко ВИДОЕСКИ

БОИТЕ НА САМРАКОТ

АЈДУТСТВОТО ВО МАКЕДОНИЈА

1. Појавата на ајдутството

Незадоволството од туѓата власт, манифестирано во вид на ајдутство, македонскиот народ го искажал уште од самото освојување на Македонија. Но ајдутството не било специфика за Македонија, за Балканот или пак за Османската империја. Тоа егзистирало во сите други земји во светот каде што имало феудални општествени односи. Затоа ајдутството се смета за типична рожба на феудализмот.[1] Како појава тоа постоело и во вековите пред турскиот пробив на Балканот. Неговото присуство е евидентирано во многу византиски или словенски изворни документи.[2] Сепак, особен израз ајдутството нашло во годините по османските освојувања.

Според некои историчари, зборот ајдут и неговата турска варијанта хајдут имаат унгарско потекло. Ваков став имаат и бугарските и српските истражувачи на оваа проблематика. Така на пример бугарската историчарка Цветанка Георгиева смета дека: „... ајдути се нарекувале борците од унгарските гранични одреди кои ги одржувале тензиите по границите со Османската империја и периодично навлегувале во нејзините најзападни територии. Тие станале моделот, кој што Бугарите го искористиле и за организацијата и за дејствата, како и за називот на своите вооружени дружини.“[3] Со ваквото тврдење на некои историчари не се согласува македонскиот турколог Александар Матковски кој сметал дека: „...*овој збор (хајдут) е од арапско потекло и доаѓа од арапскиот глагол хаде што значи скршнувам од прав пат, се одалечувам од нешто исправно*.“ Поради специфичноста на оваа проблематика нема да навлегуваме во детали.

Најстариот досега, податок во Македонија, каде што јасно се говори за ајдути, потекнува од јануари 1502 година кога ајдутите нападнале еден трговски караван составен од Дубровчани и други трговци и кога штипскиот кадија наредил да се набијат на кол десетте фатени ограбувачи.[4] Многу е веројатно дека и пред оваа дата постоеле и дејствувале ајдутски дружини, но за тоа не е пронајден никаков изворен доказ. По оваа дата ајдутството станало се почеста и помасовна појава особено од средината на XVI-век кога турската моќ почнала да опаѓа, кога почнал да се распаѓа тимаро спахискиот систем, кога почнала да слабее дисциплината кон централната власт и кога положбата и на муслиманите и особено на христијаните станала неподносливо тешка.[5] Константната декаденција на Империјата довела до се поизразени воени порази. Во неможност да ги ограбуваат и освојуваат непријателските територии, Турците својот поглед го свртеле кон нејзините христијански провинции. Тие тоа го вршеле со зголемените даноци, ангарии и разни притисоци. Зачестиле судирите помеѓу македонското население и органите на власта. Ваквите форми на експлатација довеле до постојано движење на македонскиот народ против инородната и иноверна класа и власт. Зулумот, разликата во јазикот, обичаите, културата, минатото, а особено верата и неподносливите даночни и стопански прилики го терале нашиот народ кон отпор што се изразувал низ ајдутството.[6]

---

[1] Александар Матковски, Отпорот во Македонија за време на турското владеење, т.3, Мисла, Скопје, 1983, стр. 22-23

[2] Во документите обично познати како „друмски разбојници“.

[3] Цветана Георгиева, Николай Генчев, История на България, т. II, История на България XV-XIX век, Анубис, София, 1999, стр. 243

[4] Матковски, т.3, 1983, стр. 29

[5] Детални информации за распадот на власта по втората половина на XVI-от век може да се видат во: Барбара Јелавиќ, Историја на Балканот, т.1, Наша книга, Скопје, 1999, стр.52-56

[6] Матковски, т.3, 1983, стр. 30

„Социјалниот бандитизам не поседува никаква организација или идеологија и воопшто не може да се прилагоди на некое модерно социјално движење. Неговите најразвиени форми кои се граничат со национална герилска војна се ретки...“[7] Оваа дефиниција на Ерик Хобсбаум важи и во случајот на Македонија. Ајдутите не биле романтици ниту идеолози, туку реалисти. Во основата на ајдутството лежи општествениот бунт против насилствата. Тоа било бунт против неправдите, против класната експлоатација, против верската и народносната дискриминација. Конкретните поводи, едно лица да стане ајдутин, биле различни, но основните причини биле ропските услови, тешкото етничко, политичко и социјално угнетување, турските насилства и неправди.[8] Дека насилствата и зулумите биле причината за одење во ајдути било забележано и во една македонска народна песна. Во неа се пее:

„Дај ми, Боже, верни другари.
Да излезам јунак, војвода,
Во таја гора зелена,
При таја вода студена,
Да отепам моите душмани
Кој ми отепаа татка ми
Татка ми и брат ми
Да влезам натаре Дебарско
Да грабнам млади анамки
Да ги фатам и прекрстам
Како ми ја потурчија сестра ми“[9]

2. Организацијата на ајдутската дружина

2.1. Формирање на ајдутската дружина

Ајдутските дружини најчесто се формирале на пролет, по топењето на зимски снегови, кога за тоа постоеле поволни услови. Местата на кои што биле формирани овие дружини во народната традиција и поезија обично се нарекувале *ајдутска рамнина* или *ајдутско зборниште*. Во редовите на ајдутите најчесто оделе здрави лица кои можеле да го издржат тешкиот отпаднички живот. Не било лесно да се напушти својот дом, родителите, жената и децата за да се оди во планини каде што животот бил многу опасен. Освен физички способности се барале и духовни квалитети. Ајдутинот требал да има силна волја. За малодушните немало место во дружината. Во дружината не се примал секој што сакал да стане нејзин член. Обично се бирале лица кои биле храбри, снаодливи, здрави и лица кои можеле да го издржат суровиот живот по планините. Венецијанецот Џузепе Росачио во 1606 година напишал дека ајдутите биле цврсти, брзи, поднесувале замор, тешкотии и немаштија, вешти во воените потфати, па дури и босоноги да трчаат по планинските кршови.[10] Тешкиот ајдутски живот на сликовит начин бил опишан од народниот пејач. Една таква песна ги опејува маките на ајдутите:

„Арамија куќа нема,

Куќа му е планината,
Арамија татко нема,
Татко му е тенка пушка,
Арамија жена нема,
Жена му е мрка гуња.“[11]

---

[7] Холм Зундхаусен, Историја Србије до 19. до 21. века, Clio, Белград, 2009, стр. 67
[8] Матковски, т.3, 1983, стр. 32
[9] Исто., стр.34
[10] Исто., стр.54
[11] Исто., стр.55

2.2. Раководниот кадар во ајдутските дружини

Во ајдутските дружини сите ајдути не биле од ист ранг, ниту пак имале исти должности. Во нив постоела извесна хиеархија. Водечкото место во дружината го имал арамбашата или војводата. Зборот арамбаша е составен од арапскиот збор *харам* што значи забранет од шеријатот, не дозволен, неприкосновен, свет, незаконит, оној што прави незаконити дела, арамија[12], и од турскиот збор *баш* што значи глава, главатар, раководител, началник[13]. Според ова зборот арамбаша е кованица од два ориентални израза и дословно означува глава (тар) на арамиите. Во македонската епска поезија се употребувал и зборот *баш арамија* како и словенскиот термин *војвода* задржан уште од византискиот период.

Секоја дружина, без разлика на големината, имала свој арамбаша. Дури, и ако дружината броела три лица, се знаело кој е првенецот во неа. Арамбашата се грижел за сите потреби на дружината: за храната, за оружјето, за муницијата, за луѓето, за јатаците, за ранетите другари и сл. Тој управувал во секое време, без разлика дали ајдутската дружина била вовлечена во борби или не. Неговите зборови обично биле почитувани поради авторитетот што го имал над останатите. Исто така, војводата ја претставувал дружината пред друга дружина, пред османските власти или пред други приватни или правни лица. Се грижел за семејствата на своите ајдути, за вдовиците и сирачињата на загинатите ајдути. Арамбашата не бил само воен раководител и инструктор за обука на помладите ајдути, туку ако немал интендант ја вршел или ја организирал и таа должност на тој начин што определувал едно лице кое било одговорно за снабдување. Негова должност била да ја снабдува дружината со муниција и оружје. Кога мирувала дружината тој се грижел каде и како да ја постави стражата. Негова должност била и да организира и создава врски со околното население. Создавал план за напад и раководел со истиот. Арамбашата требало да го познава теренот, да испраќа извидници и шпиони, да поставува пусија, да го одредува начинот на борбата, да даде знак за напад. Тој се грижел дружината да тргне во борба во добро расположение. Од народнте песни се гледа дека арамбашата многу се лутел на оние кои создавале атмосфера на страв и дефетизам, па таквото лице било за потсмев и го храбреле. Ако и понатаму продолжувал на тој начин го молеле да ја напушти дружината.

За арамбаша обично бил избиран најхрабриот, најискусниот или најумниот кој се ползувал со доверба и бил ценет кај другите членови. Поради карактерот на ајдуштвото, тој требал да биде јак, храбар, досетлив, лукав; да се одликува со строгост, праведност, љубов и верност кон дружината. Обично за арамбаши биле избирани постарите ајдути, кои преку долгите години на дејствија, се стекнувале со енормно борбено искуство. Изборот на арамбаша честопати не била лесна задача, бидејќи секој истакнат ајдутин сакал да стане арамбаша. Во време на изборот често доаѓало и до караници или пак до поделба на групата. По изборот на арамбашата му се покорувале сите ајдути и му ги извршувале сите наредби, без приговор. Поради тој факт, некои арамбаши станале сурови заповедници, што сепак било оправдано поради мачните услови во кои што ајдутските дружини функционирале. Доколку арамбашата или војводата бил сакан, неговите ајдути го чувале, му давале поголем дел од пленот, го кителе, па дури и го чешлале. Многу честа појава била саможртвата на ајдутите во корист на нивниот омилен арамбаша. Откако бил избран, ајдутите се колнеле на *ајдушска клетва* на послушност и верност и затоа омилените арамбаши долги години останувале на таа должност.[14] Често се случувало еден арамбаша да остане на чело на својата ајдутска дружина до крајот

---

[12] Исто., стр.56
[13] Исто., стр.56
[14] Исто., стр.61

на својот живот.

Иако во дружината постоела строга дисциплина, меѓу ајдутите сепак владеел еден вид на воена демократија бидејќи во време на одлучување се земало во предвид мислењето на сите членови на дружината. Меѓутоа, откако една одлука би била донесена, сите ајдути морале да го почитуваат одлученото. Со текот на времето и акциите се создавал авторитетот на арамбашата кој постепено се издигнувал над другите ајдути, па и над целата група. Паралелно со порастот на неговиот авторитет, се намалувала рамноправноста во дружината. Арамбашата се помалку ги слушал своите другари, го наметнувал своето мислење и желби, барал поголем плен од пљачката и постепено ајдутската дружна, на чие што чело стоел, ја претварал во своја сопствена војска. Затоа, во турските извори, дружината често се викала според името на арамбашата пример: „*дружината на Петре Дундар*“, „*дружината на арамбашата Лошан*“, „*ајдутите на Петре-војвода*“ и сл.[15] Ако во една област дејствувале повеќе ајдутски дружини, се создавала хиерархија помеѓу арамбашите. Оној кој создал поголем углед и авторитет постепено се издигал над сите арамбаши и над сите ајдутски дружини и станувал *главен арамбаша*. Ваквите поединци постепено се претвориле во народни првенци, и во случај на буни и востанија таквите станувале предводници и команданти на востаничката војска. Ваков бил случајот со Карпош и Иљо Малешевски поради што се опеани и во народните песни.

На чело на една дружина можеле да стојат по двајца или тројца арамбаши кои биле избирани поради еднакви заслуги, или затоа што се соединиле со две или три ајдутски дружини, а поранешните арамбаши не сакале да си ја изгубат својата должност. Во тој случај овие тројца арамбаши претставуале еден вид колективно раководство – штаб на дружината.[16]

Поретко но сепак постоеле и жени кои се избирале за арамбаши или војводи. Во македонската народна поезија изборот на арамбаша бил идеализиран така што се вели оној кој низ прстен ќе ја погодел целта бил избран за арамбаша и често жените успевале во тоа. Веројатно се земала предвид и вештината во нишанењето, но во изворите нема потврда дека и на овој начин се вршел избор на војвода.

Арамбашата не останувал доживотно на својата должност. Доколку се покажел способен тој можел да војводува и многу години, на ако дружината претрпи неуспех, ако во неа се инфилтрираат предавници или се појаваат издајници, ако арамбашата се покаже страшлив или неспособен, ако остари, ако ја загуби довербата на дружината, тогаш бил сменуван и таа должност му се доделувала на оној што заслужил најмногу. Покрупните акции обично го претставувале правецот на движење во кариерата на арамбашата. Доколку тој претрпел неуспех, бил менуван, а доколку доживеал успех, уште повеќе ја зацврстувал и потврдувал својата позиција. Сменувањето обично се извршувало лесно и договорено, но имало случаи кога се пролевала и крв. Имало случаи и самиот арамбаша да се откаже од оваа макотрпна должност и да и понуди на дружината да одбере друг војвода.

Македонската историја изобилува со голем број на знаменити арамбаши. Од нив попознати се: Момчил војвода, Јован војвода, кој бил прочуен во втората половина на XVI-от век; арамбашата Нико од Ново село (Берско), војводата Михо Трпко од с. Лескоец (Леринско), арамбашата Петре Дундар од с. Беранци (Битолско), арамбашата Лошин од с. Магарево (Битолско), војводата Константин од с. Сопотница (Битолско), наречен Чавдар војвода; арамбашата Дуде Јован од с. Загорич (Битолско), арамбашата Белче од с. Ѓавато (Битолско),

---

[15] Исто., стр.56
[16] Исто., стр.56

арамбашата Ѓорѓија и др. сите од првата половина на XVII-от век; арамбашата Бабо, кој со својата дружина влегол и во Битола во 1661 година, арамбашата Никле од с. Буково (Битолско), арамбашата Продан од с. Карбуница (Кичевско), арамбашата Петко Марко од с. Вакав Букри (Битолско), арамбашата Валавани Ѓорѓи од с. Дољани (Берско), арамбашата Димо Коло од с. Поздивишта (Костурско), арамбашата Каракаш Јован Папазоглу од с. Невеска (Леринско), сите од втората половина на XVII-от век; арамбашата Секула од Битола, војводата Миленко од с. Цер (Кичевско), арамбашата Јове од с. Сардиново (Прилепско), Миленко наречен „капетан", сите од првата половина на XVIII-от век.[17] Македонската народна поезија опеала многу познати, па дури и помалку познати војводи од сите времиња на турското владеење.[18]

Покрај војводата, важна личност во дружината бил бајрактарот. Бајрактарот му бил помошник и прв заменик на војводата.[19] Но, постоеле и дружини кои во своите редови немале бајрактар. Должноста на бајрактарот била да го носи знамето и да го чува. Бајрактарот требало да биде брз, да го зачува бајракот од непријателот кој се борел на коњ. Знамето го носел на десното рамо или пак пред себе. Кога се одело на зимување, знамето се симнувало од копјето, се сокривало, и се чекало време кога ќе се нареди пак да се развее. Бајрактарите често гинеле за своето знаме. Појавата на бајракот и знаменосецот била многу важна, бидејќи групата асоцирала на војска. По своето влијание бајрактарот имал второ место во дружината. Тој го заменувал арамбашата во негово отстуство, кога бил болен или ранет. Се чини дека во првите ајдутски времиња немало бајрактар, туку војводата, кој одел на чело на дружината го носел знамето. Но, подоцна, за подобро да се водат борбените дејствија, овие две функции биле одделени. И бајрактарот бил избиран од дружината, но потврдуван од војводата. И од него биле барани истите вредности како од главата на ајдутската дружина: да биде храбар, итар, правичен и сл. Затоа и при изборот на бајрактар понекогаш имало несогласување, па дури и кавга кој да биде знаменосец. Ако војводата бил поавторитетен тогаш тој сам одредувал кој ќе му биде бајрактар и негов заменик. Многу често се случувало бајрактарот да бил близок пријател или роднина на војводата. Во турските извори се употребувале три изрази за да се означат и тоа: бајрактар, алемдар, и понекогаш санџакдар.[20] Ајдутските дружини кои имале поброен состав и кои се делеле на помали единици наречени бајраци или буљуци имале по еден бајрактар за секој бајрак и тогаш овие бајрактари се викале „ќучук бајрактар" или мал бајрактар, за разлика од главниот на целата дружина кој се викал *баш бајрактар*.[21] Постоењето на баш бајрактарот и на ќучук бајрактарот е потврдено и во историската литература и во народната поезија. Имало случаеви поради неслога или од други прчини, бајрактарот, со група ајдути да се оддели од дружината. Таков случај имало во 1861 година, кога бајрактарот Стојмен се одвоил од дружината на Иљо Малешевски.[22] Иако во народната македонска поезија се опеани повеќе знаменосци, во турските извори пак сосема е мал бројот на бајрактарите. Познати се само мал број и тоа: Тане Митан од с. Чаирли (Битолско), од средината на XVII-от век и бајрактарот Јован од с. Сопотница (Битолско), од втората половина на XVII-от век.[23]

Во некои ајдутски дружини имало и ќатиб – писар.[24]

---

[17] Историја на македонскиот народ, т.2, ИНИ, Скопје, 1998 г., стр. 169
[18] Повеќе информации за горенаведените и други арамбаши види во: Матковски, т.3, 1983, стр.63-96
[19] Матковски, т.3, 1983, стр.97
[20] Исто., стр.97
[21] Исто., стр.97-98
[22] Исто., стр.98
[23] Историја на македонскиот народ, т.2, 1998, стр.170
[24] Матковски, т.3, 1983, стр.102

Меѓутоа оваа појава започнува да се забележува од XIX-от век.

Многу битен елемент за ајдутската дружина бил водачот. Постоењето на водачи, кои ги познавале патиштата и премините се потврдува со повеќе турски документи. Истово ова е потврдено и во историската литература и во македонската народна поезија каде што се употребувале малку изменети изрази од гореспоменатите како на пр. : килавуз, калавуз, калауз и кулагуз. Килавузот можел да биде од самата дружина, односно она лице што најубаво го познавало теренот или пак целта на нападот. Водачот требало да ја води дружината обично ноќе или дење по најсигурни патишта. Оваа должност можело да ја врши и лице вон дружината, нивни јатак или лице кое присилно или доброволно прифатило да ја води дружината од едно до друго село. Од килавузот се барало добро да го познава теренот, да биде верен и да знае, покрај македонски, уште албански, влашки, а особено турски јазик, зависно од народноста што живеела во крајот каде што дејствувала ајдутската дружина. Килавузот обично одел напред, а по него ајдутите. Ако имало дожд, магла или ако било темница ајдутите се држеле еден за друг или за појас. Ако водачот не било лице од доверба веднаш по него одело лице кое секогаш го држело на око, му се заканувале дека ќе го убијат ако го изневери или го врзувале. Понекогаш килавуз можела да биде жена или повозрасно дете.

Во поголемите ајдутски дружини имало и трубачи, интенданти, водоносци и торбоносци. Од особена важност бил интендантот чија што должност била да ја снабдува дружината со храна, облека, вино, ракија, тутун, опинци, сол и сл. Водоносците и торбоносците обично биле помладите и неискусните членови на дружината.

2.3. Бројноста на дружините

Како што напишавме погоре, ајдутите биле организирани во дружини. По бројност дружините варирале од 2 до 4000 члена, но најчесто биле составени од 20-30 луѓе. Малубројните дружини биле лесно подвижни и тешко откривливи од страна на турските власти. Ваквата бројност била неопходна заради поголема подвижност, полесно снабдување и побрзо сокривање на дружината. Малите дружини полесно се движеле, но затоа нивните акции биле од помал размер. Постоеле и ајдути кои не биле во дружини, туку сами, индивидуално дејствувале. Индивидуално дејствувале обично оние ајдути кои не се подавале на дисциплината и редот на дружината. Сепак, порано или подоцна, индивидуалниот ајдутин се приклучувал кон некоја дружина бидејќи брзо разбирал дека дружината му пружала поголема безбедност. Големите дружини лесно се откривале и затоа ајдутите формирале големи дружини само кога требало да извршат некоја поголема акција на пр.: да влезат во некој град, да нападнат некоја поголема турска воена единица, а потоа пак се делеле на помали дружини. Големите ајдутски дружини се јавувале за време на војна и немирни анархички времиња кога броеле и до неколку илјади лица. Таков бил примерот на Карпошовото востание од 1689-та година.[25]

Од расположливите документи се гледа дека во различни временски периоди, бројот на ајдути во една дружина се разликувал. Така на 1 декември 1706

[25] Повеќе информации за Карпош и неговото востание види во: Историја на македонскиот народ, т.2, 1998 г., стр. 218-237

година се споменува ајдутска дружина од само 4 члена.[26] Околу дваесет и пет години подоцна, во април 1730 година, дружина од 20 ајдути дејствуала околу селото Драгожани, Битолско.[27] Неретко се споменуваат и дружини со 100 лица. Во октомви 1639 година една дружина од „околу 120 арамии му го пљачкосале сиот имот на доброжелниот Сефер“.[28]

2.4. Борбената тактика на ајдутите

Долгогодишниот народен отпор, вооружената борба на поединци и на помали и поголеми дружини кои се бореле против турската власт и владејачката класа создавале утврдени правила, норми, искуство и тактика на едно непишано ајдутско војување, кое се пренесувало од генерација на генерација и се усовршувало и приспособувало кон потребите на даденото време. Во својата повеќевековна борба ајдутите создале свои правила за напад и одбрана, т.е. создавале воена тактика приспособена на нивните потреби, а која најмалку одговарала на непријателот. Тоа бил герилскиот начин на војување. Военото значење на ајдутството се базира врз натрупувањето на богато борбено искуство и врз создавањето на посебна ајдутска тактика. Таа герилска тактика, која била проверувана, дополнувана или корегирана низ борби, се базирала на фактот дека борбата се водела против многу посилниот и поорганизираниот непријател. Фактот дека ајдутството постоело и не можело да биде ликвидирано цели пет века, од еден добро организиран државен апарат како оној на Османлиското царство, покажува дека ајдутската герилска тактика била практична и давала видни резултати. Оваа тактика била базирана врз малобројниот состав на ајдутската дружина која дејствувала главно на теренот што му бил познат на војводата или на повеќето лица во дружината. Малите ајдутски дружини биле способни за брз и ненадеен напад и уште побрзо повлекување и прикривање во планините. Значи и бројноста на ајдутските дружини била приспособена кон таа герилска тактика. Ајдутската герилска тактика се базирала врз принципите на брзина, подвижност, маневарска способност, изненадување, максимално користење на предноста на теренот, постојани мерки на безбедност, умешно организирање и водење на одбрана во обрач и излегување од него, врз користење на најразлични воени итрини со што ајдутите се збогатиле во својата долговековна дејност.[29]

Ајдутите биле вооружени со два основни вида на оружје: 1. ладно оружје и 2. огнено оружје. Се до XVII-от век ајдутите биле вооружени само со ладно оружје и тоа: стапови, ножеви, вили, секири, копја, лак со стрели, сабји, топузи, мечови, српови, коси, јатагани, оклопи, штитови и др.[30] Огненото оружје меѓу ајдутите дошло нешто подоцна, и тоа во XVI-от век, кога пушката влегла во состав на вооружувањето на припадниците на спахискиот и јаничарскиот ред од каде што можеле да ја запленат. Употребата на пушките и пиштолите дополнително ја измениле воената тактика на ајдутите. Тие добиле предност бидејќи можеле да го начекаат непријателот во заседа и од далеку да го убијат.[31] Покрај оружјето, знамето и трубата ајдутската дружина поседувала и некои други помошни реквизити, потребни за нејзиното дејствување. По угледот на турската војска во некои ајдутски дружини постоеле тапани и шатори.[32]

За да разберат за силите и за намерите на непријателот ајдутите не се потпирале единствено на податоците добиени од своите јатаци, туку вршеле и свое разузнување. Обично во разузнувањето биле испраќани опитни и вешти ајдути и тоа непосредно пред акцијата.

---

[26] Матковски, т.3, 1983, стр.110
[27] Исто., стр.110.
[28] М. Соколовски и К. Илјази, Турски документи за историјата на македонскиот народ, серија прва, том III, Архив на Македонија, 1969, стр.190, док.бр.261
[29] Матковски, т.3, 1983, стр.114
[30] Исто., стр. 122
[31] Исто., стр. 124
[32] Исто., стр. 161

Во разузнувањето доста често се користеле и жени, а поретко и деца.[33] Ваквата пракса е богато посведочена во турските документи. Така во 1609 година бил испратен ферман до кадијата во Скопје со кој се известувал дека бил испратен Мумџи Сафер со задача „да ги гони и фаќа оние арамии кои облекувајќи бурма астари, јаккалу долами и носејќи топузи, варсаци и пушки се движеле и се претставувале како аџеми оглани.“[34] Сличен е и примерот од јуни 1638 година кога се наредувало „да се фатат разбојниците кои се шетаат преоблечени како спахии, јаничари, кол-оглани и аџеми-оглани“[35]

Познато е дека ајдутите главно се движеле пеш. За таквата практика сведочат многу турски документи стигнати до денешен ден. Во многу ретки случаи тие користеле коњи, чамци и бродови и други превозни сретства. Така познат е примерот од март 1576 година во охридско се споменуваат ајдути на коњи.[36] Во следната 1577 година, исто така во охридско, се споменуваат околу 150 ајдути на коњи.[37]

2.5. Логорот на ајдутската дружина

Кога не биле во акција, ајдутите логорувале во шумите, планините, пештерите и во другите тешко достапни места. Биле особено вешти во организирањето на привремен и постојан логор. Особено биле погодни пештерите бидејќи во нив можеле да се засолнат од студ и ветер, особено во зима. Секогаш кога било тоа возможно ајдутите се обидувале да го постават својот логор блиску до вода. Во време на мир, во логорот самите ајдути си спремале јадење, го печеле лебот и вареле храна, при што користеле разни видови на диви плодови: корења, треви, копривиі др. Шумите биле полни со дивеч и со птици, па ајдутите ловеле со нивното оружје или пак им поставувале разни замки, во што биле прилично вешти. Доколку се наоѓале во своите постојани логори, снабдувањето со залихи функционирало релативно стабилно. Но доколку биле под притисок на непријателот и тие се наоѓале на непознато место или во постојано движење, тогаш ајдутите биле изложувани на глад, жед и физичка исцрпеност. Околу логорот обично биле поставувани два вида стража: едната за непосредна заштита на логорот, а втората за благовремено лоцирање на непријателот од безбедна далечина. Интересни податоци оставил познатиот турски патописец Евлија Челеби за неговата посета на ајдутскиот логор на војводата Бабо од 1661 некаде во македонските планини.[38] Еве што видел тој : „...отспротива ми се покажа еден неверник со извадена гола сабја и извика: ’Бре Турчине што правиш ти во овие планини? На ова јас скромно одговорив: Дојдов кај нашиот пријател, треба да се сретнам со него. По одговорот, ѓаурот отиде внатре во шумата и кога се врати ми рече: ’Дојди да одиме. Движејќи се пеш, низ густата шума, минавме низ околу 500-600 души неверници кои беа подредени десно и лево, вооружени со куси копја, со по два-три пиштола на појас и со остра, крива сабја. На двете страни се печеше месо можеби од 300 овци и свињи. Стотина шивачи кроеја и шиеја алишта од ткаенините земени од Битола и од панаѓурот Маскур. Разгледувајќи ги сите, продолжив се додека еден човек со избричена глава, црвен елек и откриена глава, рипна на нозе и ми викна: Еј, човеку, добре дојде! Јас скромно одговорив: Добро те најдов, дојдов со радо срце. А тој ми рече: А бре човеку како не се плашиш да дојдеш во овие планини? Му одговорив смирено дека оној кој им доаѓа, според верата на Мухамед и Христа не наоѓа смрт...“[39]

---

[33] Историја на македонскиот народ, т.2, 1998 г., стр.173
[34] Матковски, т.3, 1983, стр.128
[35] Александар Матковски, Турски извори за ајдутството и арамиството во Македонија, том 2, Скопје, 1961, док.бр. 40
[36] Матковски, т.3, 1983, стр.166
[37] Исто.
[38] Планините помеѓу Битолско, Леринско, Костурско и Калајско.
[39] Матковски, т.3, 1983, стр.136

2.6. Јатаците

Ајдутските дружини ја одржувале својата врска со светот преку своите добро разгранети мрежи на јатаци.[40] Јатаци биле луѓе од сите општествени слоеви. Постоеле јатаци дури и меѓу турските власти. Тие собирале храна, оружје, муниција, облека и др., за ајдутите; на ајдутите им испраќале соопштенија за движењето на турските потери; ги криеле болните и ранетите ајдути како и оние што биле на зимување; им ги соопштувале лицата кои во нивното село биле соработници на турските власти и барале од ајдутите да ги ликвидираат. Јатаците ги информирале и ајдутите за тоа како и кога ќе дојдат собирачите на даноци и барале од ајдутите да ги пресретнат и нападнат; соопштувале за движењето на трговските каравани по патиштата и др. Честопати и успехот на ајдутската акција зависел од соопштенијата на јатаците. Затоа македонскиот народ ги овековечил јатаците со поговорката: *Без јатаци нема ајдути.*[41] Сепак во турските документи постојат многу малку пишани сведоштва за јатаците. Терминот *јатак* е турски збор и означува постела и засолниште.[42] Не постоела ајдутска дружина без јатаци. Тие биле и очи и уши на ајдутите. Ајдутството не би било возможно доколку не било потпомогнато од народот. Нивните јатаци обично биле шумарите, овчарите, чобаните, сточарите, валавничарите и воденичарите, како и свештениците и монасите по запуштените манастири и др. Поради големата улога што ја имале за опстанокот на ајдутството во Македонија, јатаците биле константна цел на турските власти. Властите со еднаква жестина се однесувале и кон ајдутите и кон нивните јатаци. Затоа во заповедите на турската врховна власт често се наредувало да бидат прогонувани и фаќани не само ајдутите туку и нивните јатаци и помагачи. Таков е примерот од април 1565 година, кога му се наредувало на Ферхат „немуслиманите кои биле ајдутски јатаци и биле затворени па без гаранти пуштени, пак да се уапсат.“[43] Уште посликовита е заповедтта од септември 1640 година кога се наредувало: „Јатаците на споменатите и нивните другари да ги пронајдете и да ги испратите во Софија за да се разгледаат нивните дела во наше присуство.“[44] Јатаците имале особено важна улога во зима кога еден голем дел од ајдутите мирувал кај некој јатак. Познато е дека некои ајдутски дружини дејствувале само од Ѓурѓовден до Митровден. На Митровден се растурале и секој одел кај својот јатак на зимување. Зимувале на различни места. Некој одел во сосема друг крај каде што не го познавале, или во град, и за да стаса до тоа место се облекувал во турска носија. Имало случаеви и кога ајдутите во град станувале слуги на некоја богата и угледна личност. Некои оделе и во манастир, но најголемиот број зимскиот период го поминувале во село каде што живееле пристоен живот. Се случувало ајдутски јатаци да бидат и некои турски првенци. Така во јануари 1565 година било откриено дека спахијата Велед бил ајдутски јатак и било наредено да се уапси и окован да се одведе во Истанбул.[45] Во 1661 година турскиот патописец Евлија Челеби бил во Кочани и вели дека со нахијата управувал субаша, но дека и тој бил соработник на ајдутите и одметниците и дека „целата кочанска раја била со ајдутите“.[46] Интересни се и два документа, првиот од 24 февруари 1618 година, од кој дознаваме дека калуѓерите од манастирот Лесново „им ги лекувале раните на ранетите арамии, ги чувале арамиите и ги снабдувале со храна.“[47] Во вториот документ од август 1646 година двајца муслимани го

---

[40] Исто., 1983, стр.148
[41] Исто.
[42] Исто.
[43] Исто., стр.150
[44] Исто., стр.150-151
[45] Исто., стр.154
[46] Исто.
[47] Исто., стр.153

обвиниле свештеникот од село Лозани дека бил јатак на ајдутите.[48]

2.7.Ајдутскиот плен

Пленот бил основниот мотив за одењето на поедини лица во ајдути. Од него живееле ајдутите, нивните семејства, јатаците, вдовиците на убиените ајдути, па дури и многу селани.[49] Пленот со општо име се викал *пљачка*. За пљачка се сметало сето она што може да биде дограбено од непријателот: пари и злато, оружје, коњи и коњска опрема, трговска стока, облека, и се што на себе носел нападнатиот. Ваквиот ограбен плен ретко бил делен на самото место каде што бил извршен нападот, поради стравот од брза интервенција на локалните османски власти. Обично пљачката се носела на тешко пристапни места, по шумите, планините, зафрлените села или пак во домовите на јатаците. На таквите локации, пленот се ставал на видно место, каде што подоцна бил делен рамноправно обично од страна на арамбашата. Често се случувало да се појават искри помеѓу самите ајдути поради поделбата на пленот. Ајдутите не се товарале со непотребни предмети, па затоа здобиениот плен не го носеле со себе, туку го чувале во пештери и на други скриени места.

2.8. Етничкиот и социјалниот состав на ајдутските дружини

Во ајдутските дружини се вклучувале лица од сите народности што живееле во Македонија. Обично според етничката припадност биле и воспоставени ајдутските дружини. Сепак, постоеле и случаи во една ајдутска дружина да постојат лица од повеќе народности.[50] Турските пишани извори речиси никаде експлицитно не говорат за етничкото потекло на ајдутите.

Различен бил и социјалниот состав на ајдутските дружини. Меѓу нив можеле да се најдат: селани, сточари, аргати, чифчии, овчари, разни слуги, а често се случувало да има и попови, калуѓери и даскали. Најчесто, последниве три социјални категории на население, биле духовни водачи на групата. Општо земено, во ајдути, одело сиромашното население, обременето со неподносливи маки. Во ајдути имало и робови. За различниот социјален состав на ајдутските дружини говорат многу документи. Така во документ од 1621 година, се споменуваат шест лица од с. Прибилци и од с. Сушица, сите селани, чобани, овчари и чифчии кои го нападнале чифликот во с. Тополчани.[51] Еден друг документ од 1622 година споменува дека овчарот Митре од с. Прибилци бил ајдутин.[52]

Егзистираат и многу документи за поврзаноста и врските помеѓу свештениците и ајдутите. Како што објаснивме погоре, свештениците соработувале со ајдутите, често биле и нивни јатаци, ги криеле своите пријатели по црквите и манастирите. Постоеле дури и свештеници што биле членови на ајдутска дружина. Ваквата практика произлегува од сличната положба на ситното христијанско свештенство со останатите ниски социјални слоеви. Во прилог на ова тврдење говори и патописецот Герлах во 1573 година кој што потврдува дека положбата на селските попови била многу лоша и тие се прехранувале работејќи разни работи.[53] Познати се многу примери на ајдутски дружини кои во својот состав имале свештеници. Така, во еден ферман од 15 ноември 1609 година издаден до кадијата во Битола се

---

[48] Исто.
[49] Исто., стр.156
[50] Исто., стр.177
[51] Исто., стр.185-186
[52] Исто.
[53] Исто., 189




CARTE COMMERCIALE
DE LA PROVINCE DE
MACÉDOINE
(TURQUIE D'EUROPE)
Publiée par la LIBRAIRIE CHAIX
Place Hoche, 20, Paris.
DRESSÉE
PAR F. BIANCONI
Ancien Ingénieur Architecte en chef des Chemins de fer Ottomans
LÉGENDE
Chef-lieux de VILAYET ou gouvernement.
Villes principales et chefs-lieux de Sandjak ou d'arrondissements.
Chemins de fer en exploitation, Station.
Chemins de fer projetés.
Routes carrossables.
Routes carrossables sur une partie de leur parcours.
Le chiffre placé sous le nom d'une ville ou d'un village indique la population.
Les teintes rouges indiquent la production dominante.
Bureaux télégraphiques où l'on admet les télégrammes en langues occidentales : SALONIQUE, MITROVITZA, PRISTINA, KAVALLA, MONASTIR, UESKÜB, PRICHTINA et le port de MELIT-LIMAN.
Bureaux des postes admis au service international des colis postaux : SALONIQUE, KAVALLA, DEDEA, MONASTIR, MENASTIR, OHRID et TRICHTINA.
La ville de Monastir est la résidence d'un Mushir ou commandant de corps d'armée.
Echelle de 1:2.000.000
ROYAUME DE SERBIE
PRINCIPAUTÉ DE BULGARIE
ROUMÉLIE ORIENTALE
PROVINCE DE THRACE
ou Vilayet d'Edirné (Andrinople)
PROVINCE D'ALBANIE
ou Vilayet d'Iskodra (Scutari)
PROVINCE D'EPIRE
ou Vilayet de Janina (Janitza)
PROVINCE DE THESSALIE
ROYAUME DE GRÈCE
ARCHIPEL
GOLFE DE SALONIQUE
Mitrovitza
PRICHTINA
Kustendil
Dubnitza
Vranya
Uskub
Kumanova
Kratovo
Kotchani
Ichtib ou Istibo
Strumitza
Nevrokop
Petrich
Demir-Hissar
Seres
Drama
Kavalla
Porto-Lagos
I. Thasos
Monastir
Ohrid
Resna
Prilep
Dibra
Elbasan
Tirana
Durazzo
Scutari
Florina
Fiorscha
Kastoria
Katranitza
Kozani
Vodena
Vardar
Salonique
(105.000)
Larissa
Volo
Trikala
Metzovo
Turnovo
Tsarskoe
Gevgeli
Ghiaour-Hissar
Golfe d'Orfano
Golfe de Bassandera
Golfe Hagion-Horos
Golfe de Volo
Hauts Plateaux d'Anaselitza
Hauts Plateaux de Scardus
Mts Kara-Dagh
Mts Rhodope
Mts Scardus
Mts Pindus
Mts Olympus
Mts Ossa
Mts Pelion
Mts Pindus
Mts Olympus
Mts Ossa
Mts Pelion
Mts Rhodope
Mts Scardus
Mts Kara-Dagh

соопштува дека една ајдутска дружина во која имало и еден свештеник го нападнала силхдарот Сефер и му одзеле товарен добиток, 100 овци, два коња и една маска.[54] Интересен е случајот од август 1646 година, кога двајца муслимани од Битола го обвиниле свештеникот од с. Лознани, Битолско, дека ги палел чифлиците и барале да се повика на суд и да се сослуша. Од страна на судот биле испратени мухзирот Емир и Арслан за да го повикаат во суд. Свештеникот одбил да дојде, а Емира го нападнал со сабја. За сведоци биле повикани и многу муслимани кои посведочиле дека споменатиот свештеник бил „активен во вршењето на бунтови и разбојништва“ и дека бил ајдутски јатак. Врз основа на овие искази му било наредено на вилаетскиот забит Мехмед-ага да го фати и спроведе во судот за да се казни.[55]

Се случувало во ајдутските дружини да бидат вклучени и жени. Тие речиси секогаш оделе во придружба на својот татко, маж, брат или љубовник.[56] Најстар податок за жена-ајдутин е од 1636 година. Тоа е Кира од с. Цапари, Битолско. Кира е единствената жена која се споменува како ајдутка во првата половина на XVII-от век. Се наоѓала во дружината на озогласениот, за турските власти, арамбаша Петар Дундар и зела учество во фаќањето и уценувањето на Хаџи Хасана од кого ајдутите зеле откуп од, огромни за тоа време, 40.000 акчиња. Во дружината била со својот брат Јоле.[57] Други познати жени-ајдутки биле: Митра и Дафина од с. Слоешница, Битолско; изворно не документирани, но познати од народното твроештво: Стојана, Сирма-војвода, Румена-војвода и др.[58]

3. Борбените акции на ајдутите

Борбените акции, ајдутите обично ги вршеле организирано во ајдутски дружини. Поретко, но сепак постоеле и ајдути кои дејствувале индивидуално, не припаѓале на ниедна дружина, поради што целиот здобиен плен им припаѓал нив. Обемот на акциите на ваквите *самостојни ајдути* најчесто имал помал карактер и тие биле вршени преку ноќ. Предност при ваквиот начин на дејствување била големата подвижност на ајдутинот, кој по успешно обработената акција можел да се врати во своето село и дом, каде што се преправал како добар стопан, слуга или земјоделец.

Самите ајдути, како вистински ајдутин го сметале оној кој бил во дружина. Дружините дејствувале и дење и ноќе, во поширок регион, ги напаѓале феудалните поседи, ги убивале феудалните господари и претставниците на владејачката класа, ја палеле жетвата додека била на гумно, во чифлиците или во амбарите, на феудалците има ги палеле нивните сараи, меџлиси, им ги кршеле орудијата за производство, им ги палеле шталите по чифлиците и го одведувале или убивале добитокот, им ја растурале работната сила, т.е. од феудалните поседи ја бркале рајата или чифчиите, а од спахиските куќи робовите и послугата, ги пречекувале и напаѓале трговците и другите каравани по империските патишта, ги ограбувале собирачите на даноци, упаѓале во кули, конаци, караван-сараи, хасови, зеамети и тимари. Со еден збор ги напаѓале сите феудални институции.[59]

Ваквите акции се одвивале низ цела Македонија. Речиси и да не постоела област што не била зафатена од феноменот на ајдутството. Главно нападите биле сконцентрирани во планинските и шумските области, каде што бегството и повлекувањето било релативно полесно. Сепак, ова не значи дека ајдутски акции немало и во рамничарските предели и во градовите. Напротив, вакви акции се документирани со многу

---

[54] Исто., 190
[55] Александар Матковски, Турски извори за ајдутството и арамиството во Македонија, том 1, Скопје, 1961, стр.72, док.бр. 99
[56] Матковски, т.3, 1983, стр.192
[57] Матковски, т.1, 1961, стр. 32, док.бр. 29
[58] Повеќе информации за наведениве жени-ајдути во: Матковски, т.3, 1983, стр.191-196
[59] Матковски, т.3, 1983, стр.209-210

турски извори. По извршените акции по полињата или во градовите ајдутите се повлекувале во планините. Според сликовитите зборови на историчарот Матковски: „*Планината била мајка за оние чија што судбина им била мајка*“.[60]

Ајдутите обично дејствувале од Ѓурѓовден до Митровден. Но постојат и податоци за ајдутски акции во декември, јануари и февруари. Сепак во пролет, кога горите и шумите разлистувале, бројот на ајдутите и на нивните акции вртоглаво се зголемувал.

Најчести цели на ајдутски напади биле феудалните поседи на османската властела. Причините за ова најверојатно се лесната достапност до поседите и богатиот плен што од нив може да се однесе. Ајдутите напаѓале на сите поседи на феудалецот: на чифлиците, хасовите, зеаметите, тимарите, вакафите, далјаните, куќите, амбарите, шталите, добитокот, па дури и нивните робови и слуги. Сиот подвижен имот можело да стане плен на ајдутите. Недвижниот имот безмилосно бил уништуван. Во турските извори во најголем број се споменуваат нападите врз чифлизите. Така, во 1609-та година бил нападнат „чифликот на Мехмед Чауш и му бил ограбен подвижен имот, храна и коњите, и му нанеле многу штета“.[61] Од еден ферман напишан на 12 ноември 1613 година се дознава дека ајдутите-Власи Андре Гога, Јосип Гога, Јоце Гога, Коџа Андреја, Џоџа Нико, Коџа Мето и други ја нападнале куќата и чифликот на Пири, го раниле и него и син му, ограбиле се што можело да се однесе, а потоа го запалиле чифликот каде што изгореле 100 товари жито и така му била ненесена штета од околу 50-60,000 акчиња. Во останатиот дел од ферманот се наредувало ајдутите да се фатат, но ако тие не можат да се фатат, тогаш да се уапсат нивните гаранти.[62] Еден друг важен документ, напишан помеѓу 16-ти и 24-ти октомври 1661 година, говори како една ајдутска дружина составена од повеќе од 10 души, на чело со бајрактарот Јован од с. Сопотница, го нападнала чифликот во с. Раково, го врзале чифлик-сајбијата Мехмед Челеби и неколку други чифлигари и ограбиле 2000 акчиња, две копја, едно ќебе, кутии за чување на накит, еден сребрен синџир, еден чифт сребрени обетки, четири везени шамии, еден топ ленено платно. За да ги каже скапоценостите Мехмед Челеби бил толку тепан што од последиците умрел.[63]

По чифлиците, ајдутските акции во голем број биле насочени против хасовите бидејќи тие донесувале приходи над 100,000 акчиња и на нив се криеле многу богатства. Досега најстар податок за еден таков напад е случката од 1577 година кога ајдутите Михо, Кеч, Стојо, Тонче, Јонче, Стале и др. го убиле војводата на хасот по име Шуџа во с. Оџани во Леринско.[64] И во јануари 1586-та година ајдутската дружина дојдена од с. Дивјаци, Битолско, ги нападнала хасовите на везирот Сијавуш-паша во Кострушко. За време на нападот го убиле војводата на хасот Синан и ограбиле едно ќесе со злато, сето оружје таму што го нашле како и други разни работи.[65]

Цел на ајдутски напади биле и зеаметите и тимарите, но ваквата пракса треба да се разбере условно. Ајдутите ги напаѓале само оние објекти во зеаметите и тимарите кои и припаѓале или на државата или на спахијата, како на пример: хаса поседите, спахиските куќи, амбари гумна, државните или спахиските делјани, рудници, скелиња и сл. Сведоштва за ваквите случаии има многу по изворите, но ние ќе издвоиме еден пример. Во јули 1776 година ајдутите ги искршиле амбарите на лицето Сулејман во с. Вафка, Населичко, и му ограбиле околу

[60] Исто., стр.212
[61] Исто., стр. 216
[62] Исто.
[63] Исто., стр. 218
[64] Исто., стр. 221
[65] Исто., стр. 222

600 кејлови пченица.[66]

Од нападите на ајдутите не биле поштедени ниту вакафските, црковните и манастирските имоти. Сепак, ваквите акции биле прилично ретки поради стравот од божја казна поради сторениот грев. За еден таков напад се зборува во ферман од помеѓу 10-ти или 19-ти јуни 1679 година кога било наредено да се гонат ајдутите што се засолнувале по вакафите.[67] Интересен е и примерот од 1766-та година кога ајдутите го нападнале Рилскиот манастир на ден Велики четврток и многу манастирски предмети однеле, и тоа кандила и се што било сребрено.[68] Манастирот по трет пат бил нападнат во летото 1778 година, од ајдути-Арнаути кои го ограбиле манастирот, убиле еден калуѓер и потоа го запалиле целиот комплекс.[69]

Особено примамливи цели за ајдутски напад биле собирачите на даноци. Обично ајдутите ги пресретнувале и ги фаќале во заседи, со цел да им ги одземат сите соберени пари. Ограбените пари биле делени меѓу себе, а во ретки случаи и враќани на сиромашните селани. Ваквите акции често биле многу опасни и тешки бидејќи собирачите на даноци оделе во придружба на добро вооружена група. Затоа само добро опремените и организирани ајдутски дружини биле способни за ваков вид дејства. Податоци за ваков вид акции има многу. Така, во октомври 1576-та година, една многубројна ајдутска дружина, составена од христијани и муслимани го нападнале бившиот кадија Риза и му одзеле 18,000 акчиња што ги собирал од разните даноци.[70] Ајдутите заедно со селаните на с. Сечишта, Костурско, во декември 1640-та година го нападнале собирачот на даноците Абдурахман и му зеле „државни пари 150,000 акчиња во грошеви и 142,000 акчиња во ситно, што вкупно изнесувало сума од 292,000 акчиња.“[71] Оваа ограбена сума во тој период била фантастично висока. Во септември 1782 година ајдутите влегле во Тетово, во куќата на џизиерот Хасан и му украле 2,164 грошови од собраното џизие.[72]

Цел на ајдутски акции биле и преставниците на власта и локалните феудалци. Тие биле напаѓани по патиштата, ајдутите им влегувале и во нивните куќи, канцеларии, чифлици, ги убивале само нив, или со целото семејство, во зависност од омразата спрема него. Од сите претставници на инородната власт во Македонија, највеќе биле напаѓани спахиите. Таков е примерот, што го дознаваме од еден ферман напишан на 3-ти ноември 1573 година, кога една ајдутска дружина од 20-30 лица од селата Пуста Река, Арилово и Крушево, Битолско, предводена од Толе-војвода, нападнале на куќата на спахијата-тимариот Мехмед, него го раниле, но успеал да избега, и му зеле повеќе од 20,000 акчиња и разни други скапоцености.[73] Еден друг пример од 1579 година зборува како ајдути дојдени од Река го нападнале и убиле спахијата Меми во некое прилепско село ограбувајќи ги неговите скапоцености.[74] Под удар на ајдутите биле и кадиите. Можеме да претпоставиме дека тие биле најомразените турски чиновници, бидејќи постојано ги осудувале ајдутите на сурови казни. Во 1584-та година 30-40 ајдути навлегле во куќата на кадијата од Кичево, му ги ограбиле скапоценостите, а него го раниле во рамото и во главата, но и со здобиените рани успеал да избега. На кадиите на Охрид и Тетово им било наредено да ги пронајдат арамиите.[75] И јаничарите и војводите на султанските и везирските хасови биле константна цел

---

[66] Исто., стр. 225
[67] Исто., стр. 227
[68] Исто., стр. 229
[69] Исто., стр. 230
[70] Исто., стр. 232
[71] Исто.
[72] Исто., стр. 237
[73] Исто., стр. 241
[74] Исто.
[75] Исто., стр. 243

на напади. Во 1566-та година, ајдутите од с. Брезиште ја нападнале куќата на јаничарот Мехмед, во некое охридско село, му ограбиле се што можеле да понесат, а другите работи му ги изнеле во дворот и му ги запалиле. Мехмед се спасил бидејќи во тој момент не бил во куќата.[76] Напад на војвода на везирскиот хас се случил во 1586-та година кога ајдутите од Битолско го убиле војводата на имотите на везирот Сијавуш-паша и му ограбиле се што имал.[77]

Ајдутите напаѓале и врз приватни куќи, без разлика дали тие биле муслимански, еврејски или христијански, зависно од тоа дали домаќинот бил богат или имал некакви врски со турските власти. Пример за тоа е случката од 1644 година кога ајдути од Битолско влегле во куќата на богатиот Турчин Ахмед Челеби и му ги однеле сите скапоцености.[78] Често биле напаѓани и богатите трговци или лихвари од еврејско, грчко, ерменско или влашко потекло. Во 1609 година ајдутите ги нападнале куќите на богатите Евреи Хахам Јудан во Солун и Сузихија во Битола. Само од овие две семејства ајдутите однеле 20,000 златници.[79] За да се снабдат со пари за свои потреби, за потплатување на некои од своите јатаци, за подмитување на турските корумпирани власти, ајдутите се служеле и со уценување. Тие ги заробувале самите индивидуи, нивните жени и деца. Карактеристичен е случајот на Хаџи Хасан од Битола од првата половина на XVII-от век. Неговото обвинение против ајдутите го цитираме во целост:

„Хаџи Хасан, бакалин, жител на од зло чуваниот град Битола, во шеријатскиот меџлис во присуство на јатаците и арамиите Јано Атанас, и Јовче Трајко од с. Варадино; Петко Неделко од Ракитница; Стојан Никола од с. Спрострање, изјави:

- Споменативе и нивни другари, 44 арамии-разбојници ми зедоа 34,000 акчиња и стока од вредност од 6,000 акчиња.

(Тие одговорија): - Ние бевме вкупно 44 души и тоа нашиот главатар Петре, син на Дундар од Беранци; Сугаре и брат му Митре од Бабино; Јереско, син на Петко од Спрострање; Лошан, син на Александар од Магарево; Кира, сестра на Јоле од Цапари; Христо Гушан од Летвица; Караџа од Долно Дивјаци; синот на Теркан од Белица; Ѓорѓи, син на попот од Арилево; Радослав и Ковач од село Кочиште и др.

Јовче од Летвица се фрли на бакалот Хаџи Хасан и го фати. Со него неколку дена шетавме во планината. Најодзади ни достави 34,000 акчиња и стока во вредност од 6,000 акчиња. Ние ги зедовме и си ги поделивме.

Ова што се случило се запиша на споменатава дата (помеѓу 3 август и 2 септември 1636-та година)

Сведоци: Дервиш-ефенди, заде, Салих-ефенди, Мустафа-ефенди и др.“[80]

Државната хазна[81], исто така, често била објект на ајдутски напади. Хазната често биле пренесувана од едно на друго место. Во неа биле концентрирани големи парични сретства собрани од државните даноци по целата територија на Османската држава, приходите од рудниците, царините, пристаништата, од даноците што ги плаќале вазалните држави и од други

---

[76] Исто., стр. 244
[77] Исто., стр. 245
[78] Исто., стр. 302
[79] Исто., стр. 303
[80] Љубен Лапе, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, I дел, Скопје, стр.273-274
[81] Благајна, каса.

разни приходи на државата. Пленувањето на хазната било сон на секој ајдутин. Првиот евидентиран ваков пример се случил на 18-ти февруари 1580-та година кога хазната била нападната некаде во Охридскиот санџак и биле ограбени 6,000 акчиња.[82]

Ајдутите ги напаѓале и стадата додека биле во движење.[83] Затоа сточарите биле главно вооружени, за да можат да го бранат стадото од разните напаѓачи.

Трговските каравани, спахиите кои оделе или се враќале од воен поход, гласниците и куририте кои носеле фермани или други заповеди, јаничарите, мутеселимите и другите службени лица кои што оделе на разни задачи биле чести цели на ајдутски напади. Особено биле напаѓани трговските каравани на Дубровчаните, Евреите и Турците кои што пренесувале богата стока на различни места. Прв ваков настан, познат во изворите, е гореспоменатиот напад врз Дубровчаните во 1502 година, некаде по патиштата крај Скопје. Значаен е и примерот од 23 октомври 1553-та година кога некој богат трговец Евреин требало да помине низ некоја шума некаде околу Кочани. На влезот во шумата имало чешма и тука ајдутите ги чекале патниците, им се нуделе да ги придружуваат низ шумата која наводно била полна со ајдути. Евреинот се пазарил за две акчиња да го придружуваат во шумата. Меѓутоа, во шумата тие го убиле и ограбиле.[84]Ајдутите не правеле разлика помеѓу христијани, муслимани или Евреи. Тие ги напаѓале и трговците кои што оделе или се враќале од панаѓури. Таков пример е нападот на неколку еврејски трговци во 1722 година кои што патувале од Смирна на панаѓурот во Долјани. Кога стасале до Дупница, караванот бил нападнат, ограбен и еден Евреин убиен.[85] Поради ваквите напади меѓу странските трговци владеел страв да патуваат по патиштата во Македонија. Ова јасно може да се забележи во патописот на Филип Дифрен-Кане. Тој оставил податоци дека кога дошле во Качаник биле принудени да отседнат во караван-сарајот иако бил запустен од чумата, а кога следниот ден минувале низ тесни патеки и низ густата шума во Качаничката клисура, сите биле спремни за борба, бидејќи чуле дека ајдутите пред неколку дена убиле петорица кадии со сета нивна придружба.[86]

Поголемите и подобро опремени ајдутски дружини се осмелувале да влезат дури и во градовите. Постојат многу податоци за ајдутски упади во градовите: Битола, Лерин, Воден, Острово, Костур, Солун, Сер, Скопје, Тетово, Охрид, Ресен и др. Овие населени места, кои и тогаш имале статус на помал град (касаба) и на поголем град (шехир), биле по неколку пати напаѓани и ограбувани од ајдутите како и од разни други арамиски, бунтовнички, одметнички и крџалиски дружини. Градовите ги привлекувале ајдутите од повеќе причини: во нив живееле политички и административни функционери на турската држава кои и истовремено биле феудални големосопственици, во градовите живееле и богати трговци: Евреи, Грци, Ерменци, Власи и Турци, чии што дуќани биле полни со разни скапоцени роби и др. Во продолжение ќе наведеме два примера од ајдутски напади врз градот Битола. Првиот го извршиле доброорганизирани ајдути врз една приватна куќа во градот. Во 1634-та година тие го нападнале богатиот еврејски трговец Мојсо и го мачеле за им каже каде се наоѓале парите. Притоа тие ограбиле пари, сребро и покуќнина во вредност од 10 товари. Ајдутите го отепале Мојсо и син му Аврам, и тоа во присуство на Клара, жената на Мојсо и воедно мајка на Аврам.[87] Вториот инцидент се случил пет години подоцна, кон крајот на 1639-та година, кога прочуениот одметник Бендо Али и неговата дружина, насилно навлегле во Битола и го нападнале затворот. Ајдутите ја скршиле вратата и бравата и ги пуштиле затворениците,

---

[82] Матковски, т.3, 1983, стр.248
[83] Историја на македонскиот народ, т.2, 1998 г., стр.181
[84] Матковски, т.3, 1983, стр.253
[85] Исто., стр.264
[86] Исто., стр.255
[87] Исто., стр.278

а тројцата чувари на затворот биле натепани.[88] Во XVII-от век исто така два пати бил нападнат и битолскиот безистен. Првиот напад бил извршен во 1646-та година, додека вториот во 1661 година. Вториот напад го опишува Евлија Челеби: „Во времето додека бевме сместени во овој град дојде ајдутинот по име Бајо, со петстотини ґаури од планината Шапка, влезе со факели без никаков страв, ги скрши вратите на безистенот и зеде скапоцености во вредност од 70,000 грошеви.“[89]

4. Мерките на турските власти за ликвидација на ајдутите

4.1. Организирање потери

Османлиите превземале најразлични видови на мерки со цел да ги елиминираат ајдутите. Од нив најефикасни биле казнените експедиции, кои воедно биле и најсурови. По турските документи овие казнени експедиции биле познати под три имиња: тефтиши, тефехуси и словенскиот термин потера.[90] На чело на казнената експедиција стоел мубаширот, кој имал одврзани раце да управува како што ќе посака. Мубаширите обично биле доверливи лица, искусни во борбите и добри познавачи на теренот на акцијата. Потерите најчесто имале за задача на секој начин да ги ликвидираат ајдутите во една област. Наредбата за организирање тефтиш била издавана од Султанската канцеларија или пак од Канцеларијата на великиот везир. Потерите обично се движеле пеш или на коњи, зависно од теренот и од целта на потерата. Во нив често учествувале и локални селани, како и месни муслимански жители кои добро ја познавале областа на акциите и служеле како водачи. Ретко се случувало со тефтишот да раководи и некој поранешен ајдутин кој добил помилување од султанот и се ставил на страна на државата. Борбите против потерите обично биле тешки и мачни, но сепак ајдутите успевале често да ја избегнат потерата поради нивната мобилност. При потери мубашите се служеле со разни итрини само да ги намамат ајдутите и потоа заробат. Зачувани се многу фермани и бујурулдии за организирање на тефтиши во разни периоди. Во продолжение приложуваме една таква наредба испратена од Високата Порта за преземање на потери против македонските ајдути од 1682 година:

„До гордоста меѓу кадиите и судиите извор на чест и збор, кадиите на Битола, Лерин, Преспа, Прилеп, Велес, Мариово, Населич, Скопје и Џума-Пазари – нека им се зголеми достоинството.

До гордоста меѓу сличните и еднаквите ќетхудаерлерите, јаничарските сердари, до војводите на моите царски хасови и хасовите на везирите, до сите селски забити, до заимите и тимариотите кои се наоѓаат дома или се дојдени од мојот царски поход и до другите службеници – нека им се зголеми вредноста – кои се наоѓаат во споменатите кази, кога ќе стигне високиов царски знак, нека се знае:

Жителите на споменатите кази испратиле човек и претставка до мојата Висока Порта дека во вашите кази се појавиле седумдесет до осумдесет ајдути и арамии-разбојници, поделени на 4 булука, го развеале бајракот, па понекогаш на коњи, а понекогаш пешки во дружина ги напаѓаат куќите. Покрај тоа што грабаат имоти, убиваат луѓе или ги мачат со оган, ги однесуваат в планина децата или роднините и ги уценуваат. Се соопштува дека нивните бунтови и разбојништва немаат крај.

Бидејќи жителите поднесоа колективна претставка, а мевлана Мустафа, кадија на Џума-Пазари поднесе арз

---

[88] Исто., стр.279
[89] Исто., стр.286
[90] Исто., стр.373

за стварната положба, и бидејќи молеа моја царска наредба, по овој случај се издаде мој славен ферман и наредувам:

Вие кои сте кадии, ќетхудаерлери, јаничарски сердари, војводи во моите царски хасови и по хасовите на везирите, сите селски забити, заими и тимариоти кои се наоѓате дома или сте дошле од мојот царски поход и сите службеници да се кренете на потера сложно и здружено по примерот на меѓу сличните и еднаквите Шахин – нека му се зголеми вредноста, кој е одреден за мубашир по споменатиот случај. На секој начин да ги фатите споменатите ајдути-разбојници.

Сите да се грижите да им се доделат казните според Шеријатот без одлагање. Да знаете, оној што ќе покаже негрижа по овој случај, ќе биде казнет. Според тоа да се грижите! Многу да се чувате ако по овој случај пројавите негрижа или ако ја мачите сиромашната-раја и оние што си ја гледаат својата работа. Кога ќе стигне, постапете според мојот високославен ферман што се издаде по овој повод. Сите вие, како што е веќе објаснето, здружено и сложно со споменатиот мубашир тргнете во потера и на секој начин да ги фатите споменатите ајдути-разбојници и сите вие да се грижите да им се доделат казните според Шеријатот без одлагање...“[91]

Како што е воочиво од горе цитираниот документ, покрај војската во потерите учествувале, било како организатори или со лично учество, разни турски функционери како: кадии, везири, валии, санџак-бегови, беглер-бегови, јаничарите и др. Функционери.

Доколку во тефтишот бил фатен некој ајдутин, го воделе кај мубаширот, кој или сам му пресудувал, или, заедно со документите во кои биле напишани неговите злосторства, го праќал во вилаетските центри како што биле: Битола, Солун, Софија, Одрин или Истанбул каде што му суделе. На некои ајдути им пресудувал мубаширот на самото место, за да служат како пример. Казната обично била смрт, за да се влее страв меѓу локалното население. Од самото фаќање ајдутите биле немилосрдно малтретирани. Доколку бил заробен некој познат арамбаша, луѓето што учествувале во потерата правеле еден вид веселба - *шенлук*.

Во судската правна практика, истрагата немала многу важно место туку била многу едноставна и примитивна. Пред судот, најважно било признавањето на самиот злосторник. Иако по народното творештво често се идеализира дека ајдутите не ги признавале своите злостроства, документите го покажуваат спротивното.[92] Постојат многу турски документи преку кои се гледа текот и процесот на судењето.

Најчести казни изрекувани на ајдутите биле временските (затворските) казни. Тие се движеле од неколку дена па се до вечна робја т.е. осуда на 101 година. Временските казни се делеле на: затвор, ќурек или испраќање како веслач на галија, и интернација.

4.2. Временски (затворски) казни

Затворските казни се применувале на лица со сторени помали криминални дејства. Во Македонија во турскиот период имало многу затвори. Најпознати биле затворите во Битола, Солун, Скопје. Дел од осудените ајдути биле испраќани во затвори надвор од Македонија – затворите во Цариград, Галиполе, Егејските острови и др. Во овие турски затвори владееле многу тешки услови. Осуденците биле мачени и психички и физички. Сведоштва за тоа има во делата на многу странски патеписци кои биле сведоци на условите во затворите. Од затвор можело да се излезе со бекство, со поткупување на некој турски висок функционер или

[91] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том 1, Скопје, 1981, стр.152-153, док. 102
[92] Матковски, т.3, 1983, стр.417

пак со размена помеѓу ајдутите и османските власти.

Честопати престапниците биле осудувани да бидат веслачи на галии. Османската флота речиси секогаш имала недостаток од веслачи. Дури се зачувани и многу документи со кои централната власт им препорачувала на кадиите оние ајдути кои не се за смртни казни да се испратат за веслачи во морнарица. За ова обично биле избирани силни и здрави лица, кои можеле да ги издржат сите тешкотии на животот на галиите каде што биле оковани за да не избегаат или пак од очај да се фрлат во морето. Многу од осудените ајдути умирале набрзо по почетокот на извршувањето на казната од премор, тропски болести или пак тортура. Интересен е документот за ајдутинот Михо Трпко од 1634 година кој бил испратен на казна веслање во Солун:

„Ова е: зимиите Стојан, Велко, Тодор, Богоја, и сите други жители на село Брод, додадено кон казата на заштитената Битола, во судот, со согласност на сите ајани на вилаетот, се назначени за мартолози за да ги фаќаат по секој начин арамиите-разбојници. Споменатите зимии додека трагале по разбојниците го фатиле зимијата Михо Трпко, жител на с. Лесковец, леринска каза, кој е познат како Петел војвода, и го доведоа во шеријатскиот суд. Кога присутните муслимани беа прашани за поведението на споменатиот Михо, сите лично вака посведочија: „Споменатиот Михо е крадец и разбојник. Неговата постојана работа е да се движи со арамии и да се буни.“

Овој документ како темесук му се даде на рака на вилаетскиот војвода за да биде предаден на галија во заштитениот Солун.

Напишано во првата декада на месец реџеп година илјада четириесет и трета.[93]

Сведоци: Синан-ага, царски слуга, Хусеин-бег, царски слуга, Хасан-бег, царски слуга, Мустафа Челеби, судски поверени, Мехмед, мухзир.“[94]

Интернацијата исто така била една од временските казни на ајдутите. Ова се гледа од еден ферман издаден помеѓу 18-ти и 27-ми септември 1716 година со кој се наредувало да се тргне против бунтовниците на чело со румелискиот беглербег Ахмед-паша. На Ахмед-паша му било наредено некои од бунтовниците да уапси, некои да ликвидира, а „оние кои треба да се интернираат, да се интернираат во други краишта“.[95]

4.3. Смртни казни за ајдутите

Со цел да се уништи ајдутството турските власти прибегнувале и кон по ригорозни санкционирања на фатените ајдути. Егзекуциите обично ги извршувале вилаетските забити или вилаетските субаши. Смртните казни обично се извршувале во петок или на некој празничен ден кога народот не бил на работа. Важните ајдути биле егзекутирани на јавни места, за да се влее страв на населението. Такви јавни места биле плоштадите, селскиот центар, пред џамијата или црквата, на ѕидините на тврдината, пред градските порти, мостовите, на средина на чаршијата и др.

Сечењето на главата со меч била најчестата смртна казна. Таа обично се извршувала веднаш по фаќањето на ајдутинот или пак по судската одлука. Постојат многу документи во кои се наредува да се исечат главите на разни ајдути и одметници. Таков е ферманот од 1636-та година во кој се наредува: „Ако започне борба, да нема милост. Отсечете му ја главата и испратете ја во Цариград.“[96]Сведоштво за оваа практика дава и еден друг документ во кој се вели дека ајдутите од Негушко, Предикари и Полизос биле фатени и по судењето „биле убиени со отсечување на нивните глави.“[97]

---

[93] Помеѓу 1 и 10-ти јануари 1634 г.
[94] Љубен Лапе, Одбрани текстови..., I дел, Скопје, стр.272-273
[95] Матковски, т.3, 1983, стр.461
[96] Исто., стр.478
[97] Исто.

Исто така и бесењето било доста честа казна, особено во времето на тефтишите, воени и бунтовни времиња. Меѓутоа и во мирни периоди кадиите не ретко пресудувале некој ајдутин да се обеси, иако, како правни лица, знаеле дека тоа не е шеријатска казна. Така во 1576-та година било наредено еден ајдутин да биде обесен во Костур, а другиот во Серфиџе и тоа на јавно место.[98] Друг таков пример било судењето на ајдутинот Јово од 16-ти октомври 1645-та година кој напаѓал чифлици. Пресудата гласела „да се обеси за поука и пример на другите".[99] И Евлија Челеби бил сведок на ваквата практика на османските власти. Тој запишал дека во 1661 година „отепувале по 40-50 ајдути на ден и ги беселе по патиштата, крстопатите, во градот Петрич и на други места."[100]

Набивањето на колец било една од најтешките смртни казни. Овој вид казна масовно се вршел за време на тефтишите или по бунтовите кога населението се ставало „*под меч и на колец*". Турските власт ја довеле до совршенство техниката на набивање на колец. Најстар опис на ваквата практика на Османлиите оставил Јакобо Промонтарио од 1475 година: „Осудениот врзан го легнуваат на земја, во задниот отвор му ставаат едно долго заострено дрво и со огромен дрвен чекан се удира по дрвото. Колот влегува во телото на човека и според случајот несреќникот веднаш умира или живее. Потоа џелатот го исправа дрвото, го закопува во земја и така го остава несреќникот во страшни маки да живее извесно време."[101] Набивањето на колец било пракаса и на територијата на Македонија. Од еден ферман од 1502 година дознаваме дека околу Кратово биле фатени десет ајдути кои напаѓале на трговски каравани меѓу Пловдив, Сер и Струмица. По испитувањето сите биле набиени на колец.[102]

Набивањето на ченгел била исто така тешка смртна казна, која што била применувана на јавно место и во присуство на многу народ. Сликовит опис за ваквиот начин на смртна казна оставил патописецот Петар Манди во 1620-та година. Според него: „Ченгелите, тоа биле големи, остри, зашилени, кружно свиткани нагоре, куки од јарда и пол103. Овие куки биле зацврстени, по три на секоја страна, на една хоризонтална железна прачка. Над оваа прачка имало уште една хоризонтална железна прачка на која имало три чекрека. Осуденикот, кој бил со назад врзани раце, со јажиња го подигале со чекрекот до горната хоризонтална прачка и наеднаш го пуштале за да се закачи на ченгелот кој бил под него. Се закачувал било каде, на градите, рамото, ребрата, но најчесто ченгелот му минувал низ стомакот и така останувал жив еден и повеќе дена." [104]

5. Заклучок

Последиците од активностите на ајдутите се почуствувале во сите домени на општествениот живот. Особено тие биле впечатливи во стопанството, односно во прв ред во земјоделството. Ајдутите со својата дејност придонеле да се парализира производството на феудалните имоти, а во некои реони да се појави и недостаток на работна сила. Дури и рудниците често биле локации врз кои се вршеле одредени напади. Затоа говори и примерот на Евлија Челеби од 1661 г. кој во својот патопис напишал дека рудниците за железо во Крива Паланка не работат поради ајдутските напади. Нивните акции влијаеле кон тоа во Македонија да се намали и обемот на трговијата, бидејќи трговците,

---

[98] Исто., стр.481
[99] Исто., стр.483
[100] Исто.
[101] Исто., стр.485
[102] Исто., стр.488-489
[103] 1,368 метри
[104] Матковски, т.3, 1983, стр.490-492

без разлика дали биле домашни или странски, биле константна мета.

Меѓутоа благодарение на ајдутската дејност, народот станувал по опитен за оружената борба и повоинствен. Низ ајдутските акции се оспособил еден тесен војнички кадар кој во многубројните буни го предводел народот. Таков бил примерот со Карпош. Ова особено ќе дојде до израз во XIX-от век, кога започнале борбите за ослободување на Македонија.

Ајдутството во Македонија имало масовен карактер. Доказ за ова се многуте турски документе со кои се санкционира оваа појава. Сите краишта биле зафатени со ајдутски дружини. Не постоело село што не било во директна и индиректна врска со ајдутите. Својот најголем обем ајдутското движење го имало почнувајќи од XVII-от[105] па се до периодите на анархија и разбојништво во XVII-от век.

Сепак, како и многу други селски движења од средниот век во Европа, и ајдутството во Македонија имало стихиен карактер. Тоа било само стихиен протест кој спонтано се јавил под пазувите на народот како инстинкт за самоодржување и самозаштита.

За време на својата преродба сите балкански народи, вклучително и Македонците, ќе ги издигнат ајдутите со ореолот на национални херои.

6. Литература

* Александар Матковски, *Отпорот во Македонија за време на турското владеење*, т.3, Мисла, Скопје, 1983 г.

* Александар Матковски, *Турски извори за ајдутството и арамиството во Македонија*, том 1-2, Скопје, 1961 г.

* Александар Матковски, *Македонија во делата на странските патописци, 1371-1777*, Скопје, 1991 г.

* *Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава*, том 1, Скопје, 1981 г.

* *Историја на македонскиот народ*, т.2, ИНИ, Скопје, 1998 г.

* Љубен Лапе, *Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ*, I дел, Скопје, 1976 г.

* Rober Mantran, *Istorija Osmanskog carstva*, Clio, Beograd, 2002

Стефан Илиевски

[105] Rober Mantran, Istorija Osmanskog carstva, Clio, Beograd, 2002, стр.396

ДИМИТРИЈ МИХАЈЛОВСКИ - ИЛУСТРАТОР

Димитриј Михајловски е млад и талентиран македонски сликар, илустратор и стрип автор од Велес. Своето средно образование го стекнува во уметничкото училиште за примената уметност во Скопје, по што се запишува на факултетот за ликовна уметност, исто така во Скопје.

Креативно будење како автор или како што самиот тој вели „финансиска потреба за одржување на моето школување“, го втурнуваат во неколку комерцијални проекти кои што бараат илустрација, стрип или дизајн. На почетокот Михајловски објавува без хонорарен надомест, но пак за сметка на тоа го развива визуелниот ракопис и краде знаења од каде што ќе стаса.

Освен со сликарство и илустрации паралелно се занимава и со стрип. Од 2001 па до денес, со свои дела и соработки, е објавуван во неколку списанија и антологии, како што се: АРТ Република, Cool Strip Art Anthology, Другарче, Extreme, Креатор, Стрип Трип, Велес, Стрип Арт...

„Тоа беше и период кога добив неколку симболични признанија од Стрип центарот на Македонија (2006, 2009, 2010) и Балканската смотра на млади цртачи - Србија (2005, 2007) за развој и популаризација на стрипот. Заедно со неколкуте стрип-изложби, моите уметнички презентации во галерии броеја нешто над 25 поставки во и вон Македонија“, споделува Михајловски.

Во личностите за кои што вели дека му помогнале да се изгради како комплетен автор ги вбројува: Златко Крстески (Прилеп), Александар Сотировски (Битола) и Ване Трајков (Велес).

Меѓу најзначајните проекти во кои што има земено учество е филмот „Јас сум од Титов Велес“ на Теона Стугар Митевска на кој што има работено на сценографијата како дел од Art Department тимот. Во 2008 пак има остварено соработка со славниот македонски режисер Милчо Манчевски за промотивниот спот за нашата земја „Macedonia Timeless“.

Во истиот период се јавува и како илустратор на неколку учебници и работни тетратки за издавачката куќа „Табернакул“.

Во моментов Михајловски работи на неколку стрип проекти. „Планирам заедно со Данчо Јордановски да се вратиме пожестоко на Toxic Comics групата што ја осмисливме (основавме и водиме од) уште кога имавме по 14 години и да ги материјализираме неколкуте идеи што подолго време ни лежат во фиока.“ вели Димитриј.

Од годинава тој го презема кормилото и ќе раководи со Друштвото на ликовни уметници на Велес, а за понатаму вели дека никогаш не се знае. „Сè што пробувам да остварам во иднина е помалку да спијам зошто постојано се плашам дека ќе немам време во животов за да исцртам сè што сум смислил или други смислиле за мене. Во план се и неколку ликовни изложби. Но за ова времето ќе покаже.“ заклучува Михајловски.

Александар Стеванов

Element

Cool

Macedonian Warrior

Hipster girl

МАКЕДОНСКА ПИСАТЕЛКА ОД ФРАНЦИЈА

Стефани Сенар

Стефани Сенар, писателка и експерт по балканологија, е родена на 26 јули 1970 година во Дижон, Франција. Моментално таа живее во Париз, а она што ја поврзува со Македонија е нејзиното потекло, по мајчина линија таа е Македонка.

Сенар студирала историја на Балканот на INALCO, Институт за ориентални јазици и цивилизации, а за историјата на Балканот вели дека е „еден голем епски роман кој секој ден се збогатува со ново и возбудливо поглавје што мириса на пот и на земја“. Инспирацијата за своите досега два објавени романи, ја црпи токму од Балканот, а посебно од Македонија.

РЕЗИМЕ НА РОМАНОТ „ТАЈНИОТ ФЕРМАН“

Пела е студентка по етнологија на Институтот за ориентални јазици и цивилизации во Париз. Живее во богатиот 16-ти кварт на Париз, татко ѝ е познат дипломат- специјалист за балкански прашања. Времето ѝ поминува во забава и планови за патување. Еден ден, вракајќи се дома, Пела ќе присуствува на убиството на своите родители од страна на еден фанатик кој работи на обновувањето на Отоманската Империја. За таа цел тој треба да го најде ферманот кој ја содржи тајната на силата. Ферманот го поседува Пела. Во потрага по убиецот, Пела заминува за Истанбул, меѓутоа судбината ќе направи таа да се најде во Охрид. И тука започнува новиот живот на младата Французинка помеѓу сонот и јавето. Од ден на ден настаните стануваат сè позагатливи за да достигнат кулминација со црната сенка над Галичник за време на галичката свадба.

Нејзиниот прв роман „Варварски корени“ е објавен во превод на македонски јазик во 2000 година од страна на издавачот „АЕА-Мисла“, Скопје, со предговор на Петар Т. Бошковски. Во него таа го раскажува своето искуство со првиот опозиционен весник во Македонија во периодот на прогласувањето на нејзината независност во 1991 година, по распаѓањето на Југославија, како и дружењето со група млади уметници од Операта и нивното гледиште на светот во полна мутација. Тиражот на романот од 1000 примероци за кратко време е целосно распродаден што само по себе говори за квалитетот на истиот.

Вториот нејзин роман „Тајниот ферман“ кој што, исто така, најпрвин е објавен во превод на македонски јазик под насловот „Ферман“ (Култура , 2005) многу добро е примен од страна на критиката (Венко Андоновски, Гоце Смилевски, Весна Мојсова - Чепишевска). Дејствието на романот се одвива во Македонија и како што ќе каже Александра Лењел Лавастин, филозоф, есеист и литературен критичар „Ферман може да се чита истовремено како роман детективски и научен, поетски но политички, историски но демистификаторски. Тој гради мост помеѓу двете Европи”.

“Тоа е книга во книга, метафора не само на нашето минато, но истовремено на нашата сегашност и на нашата иднина”, се зборови на Јасна Симиќ, писател, универзитетски професор и специјалист за исламска култура, од кои причини го гледа овој роман како роман на иднината. Македонскиот писател, драматург и професор, Венко Андоновски во својот критички осврт под наслов „Одличен роман“ го карактеризира „Ферман“ на младата Стефани Сенар како „зрело дело со високи естетски вредности“.

ШТО ПРЕТСТАВУВА „ФЕРМАН“?

„Ферман“ од Стефани Сенар е необична сказна со јасна порака за опасноста од инвазија на „мрачните сили“ од минатото врз современоста. За постоењето на идеи и идеологии кои не биле завршени во историјата, коишто од неа биле прекинати и укинати и кои, одложени настрана од нејзиниот тек, сакаат да се вратат, повторно оживувајки предрасуди – религиозни, национални, шовинистички, политички- коишто би довеле до обнова на историски превозмогнати општествени системи и држави. Пела, главниот лик на романот, е медиумот низ кој се остварува таа порака.

ИЗВАДОК ОД ПРЕДГОВОРОТ НА ПРЕДРАГ МАТВЕЈЕВИЌ ЗА РОМАНОТ „ТАЈНИОТ ФЕРМАН“

Една студентка по балканологија во Париз, по име Пела, го следи патот на Ориент Експрес кон Истанбул во потрага по убиецот – вистински или симболичен, веројатно и едно и друго – на нејзините родители. Меѓутоа нејзиниот воз излегува од шини поради големиот снег во Македонија. Често се случува балканските локомотиви да запрат во непознати станици, оддалечени од големите раскрсници и со „чудни патници“. Тука почнува авантурата и акцијата на книгата, на нејзината романескна нишка : околу еден стар ферман (турска повелба или документ) свиткан во излижана футрола, наследен од еден далечен предок. Меѓутоа овој текст, најверојатно напишан на парче пергамент, ќе биде посакуван и од страна на еден турски дипломат кој е спремен на сè само да може да ѝ ја врати минатата слава на Отоманската империја. Оставам на читателот да ги открие понатамошните перипетии кои што се одвиваат крај Охридското езеро, како и во Галичник, малечко село на падините на планината Бистра среде старите православни манастири.

И овој роман, како и првиот, е инспириран од Македонија и од нејзината историја. Оригиналната верзија на француски е објавена во 2006 година под насловот „Le Firman“ (Editions Dorval, Франција).

Освен на македонски и на француски јазик, овој роман во 2007 година е објавен и во Бугарија, под насловот „Ферман“ со предговор на Катиа Ерменкова, а наскоро се очекува истиот да се појави на хрватски и српски јазик под наслов „Tajni ferman“.

Романот „Ферман“ беше номиниран во 2006 година за Големите награди Newropeans на европската демократизација, бидејќи неговата тема е стравот на македонскиот народ од враќањето на старите „демони“, додека земјата, која сака што побргу да се интегрира во Европската Унија, сè уште е растргната на нејзините граници.

КРИТИКА ЗА СТИЛОТ НА СТЕФАНИ СЕНАР РОМАНОТ „ТАЈНИОТ ФЕРМАН“

“...[Стефани Сенар] умее со голема дарба да ги избегне стапиците кои, обично, им се закануваат на овој вид приказни : претерана егзотика, ефтин фолклор, препознатлива „локална боја“. Нејзиниот расказ, кој се движи меѓу вистинското и имагинарното, успева од почеток до крај да ги избегне навиките и баналноста на „авантуристичките романи“, некогашни или модерни. Посебно е впечатлив и одушевува нејзиниот елегантен стил, кој е чист и совршено адаптиран на нејзината тема. Тоа е демарс кој како да ги сврзува француската и македонската литература”.

Предраг Матвејевиќ, писател, есеист и професор на Универзитетот Сапиенца во Рим

Љубителите на пишаниот збор од Македонија, сега имаат можност да го прочитаат овој втор роман на Стефани Сенар и без притоа да мораат да посетуваат библиотека. Електронската верзија на романот „Тајниот Ферман“ на македонски јазик можете да ја најдете овде: http://www.scribd.com/doc/157235535/Tajniot-Ferman

Александар Стеванов


LE
FIRMAN
SECRET
STEFANI SENAR


Стефани Сен-Сенар
Варварски
корени
македонското срце
на една парижанка
АЕА
МИСЛА

111 год
56 годи
на Мет

дини од раѓањето и
ини од прераната смрт
одија Андонов-Ченто

Изминуваат деновите на летото во оваа 2013 година во која ние Македонците прославивме 110 години од Илинденското востание и 69 години од првото заседание на АСНОМ, но и не заборавивме да се потсетиме на некои од нај злокобните датуми за Македонија како што е 100-годишнината од потпишувањето на Букурешкиот договор, бесрамниот акт преку кој снисходливите балкански државички и нивните ментори петвековното турско-османлиско владеење го заменија со нивно распарчување и грабање на Македонија и беспоштедно асимилирање и однародување на Македонците во неа. Но пред лажните „ослободувачи“ да ги почнат своите злодела во Македонија и безмалку цела една година пред почетокот на Илинденското востание, на 17 август 1902 г. во градот Прилеп се роди Методија Андонов-Ченто, човекот без кого не може да се замисли АСНОМ, кога на Илинден воскресна македонската држава.

Во овие летни денови кога ги славиме двата Илиндена, но исто така и 111 години од раѓањето и 56 години од прераната смрт на Методија Андонов-Ченто, не може да не нè вознемирува појавата на некои јавни полемики во македонските медиуми во кои за Ченто или од незнаење, или намерно се изнесуваат апсолутни лаги и измислици. Па така едните, коишто очигледно и ден денешен се длабоко индоктринирани и не можат и не знаат да излезат од идеолошката комунистичка матрица, Ченто го прават комунист!?! А со нив во костец се фаќаат други, коишто се самопрогласени големи демократи и наводни душогрижници за македонските состојби, коишто не само што ја прифаќаат безочната лага дека Ченто бил комунист, туку и ја натфрлаат со тврдења дека на првото заседание на АСНОМ присуствувале исклучиво комунисти, а за мирудија на Ченто се обидуваат да му припишат дека наводно бил обвинет и осуден за некакво содружништво-соработка со Ванчо Михајлов?!?

Во што ли се претвори јавниот дискурс во Македонија и меѓу Македонците кога вакви „полемики“ се водат по македонските медиуми?

Зарем досега никаков плод не вродила работата на македонските историчари коишто уште во 1990 г., пред осамостојувањето на Македонија од бившата федерација по повод 33-годишнината од смртта на Методија Андонов-Ченто во Прилеп одржаа почесен собир на кој после толку години јавно се проговори за позитивната улога на првиот претседател на Президиумот на АСНОМ?

Зарем пошироката македонска јавност и особено оние што сакаат јавно да зборуваат и полемизираат за Ченто досега ни еднаш не го погледнале ТВ-документарецот на новинарката Фиданка Танаскова чијашто дата на производство е исто така 1990 година, и којшто безброј пати е емитуван на македонските ТВ канали и одамна е присутен во дигитален формат на многу интернет сајтови?

Зарем на некои луѓе сеуште не им е познат фактот дека на барање на Илија Андонов-Ченто, најстариот син на Ченто пред Окружниот Суд во Скопје на 22 октомври 1990 г. е повторена кривичната судска постапка при што е решено да се запре постапката и фактички да се укине пресудата од 1946 година?

Македонските историчари и следната 1991 година во ноември во Прилеп одржале тркалезна маса со наслов „Ченто - човек, револуционер, државник“, од којшто собир во 1993 г. е објавена книга зборник со материјали со ист наслов.

Во 1999 г. најстариот син на Ченто, Илија Андонов-Ченто ја објавува автобиографијата под наслов „Мојот татко - Методија Андонов ЧЕНТО“.

Во 2002 г. Ристе Бунтески-Бунте ја објавува книгата „Методија Андонов-Ченто, македонски народен трибун“.

Истата 2002 г. Државниот Архив на Република Македонија (ДАРМ) ја објавува книгата со изворна документација „Методија Андонов-Ченто, документи и материјали“.

Во 2004 г. МАНУ издава зборник на трудови од научниот собир по повод 100-годишнината од раѓањето на Методија Андонов-Ченто, одржан во Скопје на 16 и 17 декември 2002 година, под наслов „Ченто и македонската државност“.

Постојат уште историографски публикации за животот и делото на Методија Андонов-Ченто, како и безброј написи по периодичните и дневните списанија и весници, сепак се чини како на некои намерно да сакаат сеуште да сеат магла и да ја занемаруваат неговата позитивна улога во македонската историја.

Рака на срце не се единствените, зашто за жал во Македонија уште од осамостојувањето некои личности на нашата политичка сцена со редењето под портретот на Ченто, и говорите во кои меѓу Македонците се евоцираа спомените на Ченто и се разбудуваа никогаш не заборавените негови идеи за самостојна и обединета Македонија сакаа за себе да стекнат авторитет. Но кога се стекнаа со највисоките функции во државата, а и потоа од нивните постапки и јавни истапи се покажа дека не се достојни ни името на Ченто да му го изговараат.

Сепак, за секој Македонец, а особено за младите поколенија е недозволиво да не знаат основни работи за животот и дејноста на Методија Андонов-Ченто. „Црнилата“ на послушните комунистички партиски апаратчици што наместо за интересите на Македонија и на својот македонски народ свесно или несвесно одработувале „за туѓи бели дворови“ треба добро да се знаат, но и да се остават во минатото. Зашто ако ништо друго некои од директните учесници во хајката против Ченто, како Коле Чашуле, подоцна смогнаа сили и побараа прошка: „Ние и цела Македонија му должиме на Ченто големо извинување…“[1] Нивните „црнила“ се уште поголеми зашто во тие четири и пол децении откако го затворија Ченто не дозволуваа ни името да му се спомене, а камоли да се слават неговите несоменени дела за Македонија и Македонците. Загубата на Македонија од незнаењето на генерациите на кои им било ускратувано запознавањето со значењето и вистинската улога на Методија Андонов-Ченто во македонската историја најубаво го опишал неговиот најстар син Илија Андонов-Ченто во своето поздравно обраќање до учесниците на научниот собир одржан во МАНУ во 2002 г.

„Можеби не можам да бидам сосема дециден во тоа дека ако Методија Андонов-Ченто, како личност или како појава, не беше отстранет, ликвидиран и прикажуван во најцрно светло, а потоа тотално игнориран во историјата за македонската и пошироката јавност, па така голем број генерации немаа сознание кои биле членовите и претседателот на Президиумот на АСНОМ, што претставуваше претставничко и извршно тело на Првото собрание, законодавно тело на новосоздадената македонска држава, дека тие бројни генерации сосема поинаку ќе се однесуваа при преминот од еднопартиски во плуралистички систем или во процесот на враќање кон единствената светска економија - пазарната економија, за која Методија Андонов-Ченто се залагаше при создавањето на новата федеративна држава.“[2]

Сепак она што било-веќе поминало и не може да се промени. Она што може да се промени е односот кон Ченто и неговото дело што денеска за жал го имаат некои Македонци што партиската припадност им е пред и над сè во животот. Без разлика дали се условно речено про или контра Ченто, затоа што нивниот став се базира исклучиво врз беспоговорно опонирање на другата партија а не врз познавање на вистинските факти за животот и дејноста на Методија Андонов-Ченто. Тие што имаат таков однос, без разлика на која и партија да и припаѓаат, всушност се најблиски до послушните партиски апаратчици коишто своевремено му го загорчија и уништија животот на Ченто.

Ќе се обидеме во овој напис посветен на Методија Андонов-Ченто за пошироката македонска јавност, и особено за

---

[1] Ристе Бунтески-Бунте „Методија Андонов-Ченто, македонски народен трибун“ ИНИ, Скопје, 2002, 235; Блаже Ристовски „Ченто и Ченовизмот” во зб.: „Ченто и македонската државност“. Прилози од научниот собир одржан на 16 и 17 декември 2002, МАНУ-ИНИ, Скопје, 2004, стр.22.

[2] Илија Андонов-Ченто „Обраќање на претседателот на „Чентовата Фондација“ Илија Андонов-Ченто“ во зб.: „Ченто и македонската државност“. Прилози од научниот собир одржан на 16 и 17 декември 2002, МАНУ-ИНИ, Скопје, 2004, стр.23.

оние што сакаат да полемизираат за и околу Ченто да расветлиме некои настани во кои тој зел директно учество.

Од сите помалку или повеќе познати факти за животот и дејноста на Методија Андонов-Ченто слободно може да се заклучи дека човек од таков формат ретко се раѓа. Не само во Македонија, туку воопшто во сите земји и меѓу сите народи по светот. Најдобрите писатели на светот не би можеле да измислат лик на човек којшто е буквално „од народот", и којшто својот живот со неверојатна скромност свесно и совесно му го посветил токму на тој свој народ од чијшто најсиромашен селански дел и самиот потекнувал. Човек со толку јасно изразена македонска национална определба и желба за обединување на распарчената Македонија и Македонците во неа, искажани и потврдени во безброј наврати, од кои за никоја цена не се откажувал, и заради кои трпел невидени тортури од сите можни туѓи поробувачи, за на крајот истото и полошо да го доживее и од недоветните партиски апаратчици на сопственот народ на коишто наместо интересите на Македонците и Македонија поважно им било што им наредувала комунистичката партија и инструкторите од Белград.

Методија Андонов-Ченто, човекот што на Србите јасно и гласно во лице во 1936 г. им велел да не остават сами нас Македонците да си ја управуваме Македонија[3] што во суштина е истото барање што во разни форми и до разни инстанци е поставувано од многу свесни Македонци во минатото, од кои за пример доволно е да го наведеме тоа на скопскиот митрополит Теодосиј упатено до Папата Лев XIII уште во 1891 г. во кое се вели „...историското право на македонскиот православен народ да се ослободи од јурисдикцијата на туѓинските цркви, Бугарската егзархија и Цариградската патријаршија, да се обедини во своја единствена православна црква и ги добие сите белези на народ кој има право на самостоен духовен и културно-просветен живот."[4] Или со барањето на Македонците патриоти на чело со Чуповски од македонската колонија во Санкт Петерсбург коишто во весникот „Македонскій Голосъ " објавиле дека на 20 ноември упатиле Апел до народните пратеници на Бугарија, Србија и Грција во кој меѓу другото се вели: „...дајте ни нам, на Македонците, можност да го организираме својот живот во родната земја, во согласност со нашите интереси. Не пречете и на Македонија да стане целосна, самостојна, независна."[5]

Ченто и кон крајот на 1940 г. на еден родителски состанок во прилепската гимназија на српските дојденци коишто насилно биле етаблирани и во Македонија со години вршеле однародување и асимилиација јасно им порачал:

„Господине директоре, Вие не можете од нашите деца да барате да зборуваат само на српски јазик. Не можете нити Вие, нити било кој друг да ни забрани нам и на нашите деца, дома, на улица, во дворот на гимназијава па и на часовите, да зборуваат на својот мајчин МАКЕДОНСКИ јазик, затоа што ние сме МАКЕДОНЦИ, а нашите деца се МАКЕДОНСКИ ДЕЦА. Ние Македонците имаме свој јазик, кој за вас е „чуден јазик", и нашите деца имаат право да зборуваат на секаде па и на часовите на својот мајчин јазик. Нити ние им забрануваме, нити некој друг можи да им забрани на српските деца, кои се дојдени во Прилеп и во Македонија, да зборуваат на својот мајчин српски јазик. Ние не им браниме да бидат Срби, но нашите деца се Македонци и нека останат Македонци."[6]

Овој цитат и настанот на кој се искажани тие зборови од Ченто се релативно познати во македонската јавност, но она што следело после нив се чини е сосема непознато. Имено Ченто воопшто не ни успеал да го заврши својот говор зашто на него со тупаници се нафрлил полицискиот писар, во што му се придружиле некои од присутните професори

---

[3] Илија Андонов-Ченто „Мојот татко - Методија Андонов ЧЕНТО", Скопје, 1999, стр.77.
[4] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и национална држава, Т.1, Скопје, 1981, стр.292.
[5] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и национална држава, Т.1, Скопје, 1981, стр.584.
[6] Илија Андонов-Ченто „Мојот татко - Методија Андонов ЧЕНТО", Скопје, 1999, стр.92. (големите букви се така во оригиналот)

и родители, за веднаш потоа „работата“ да ја превземат џандари коишто го врзале и изнесле од гимназијата. Но со тоа не завршил настанот. Ченто од џандарите е одведен во дворот на полициската станица каде го врзале за дрво и дванаесет часа до доцна во ноќта со тупаници и грбач крвнички го тепале по целото тело и табаните при што неколку пати губел свест и му било скршено ребро. Целата „работа“ бидејќи и на сослушувањето Ченто ги повторил истите зборови кажани на родителскиот состанок завршила со негова интернација во Бајина Башта (Србија) каде го дочекал и разгромувањето на кралството Југославија од страна на Германците и нивните помагачи.[7]

Истиот Методија Андонов-Ченто изгледа погрешно бил разбран за кој народ и чии национални права се залагал во времето на српската окупација, па кога дошло времето на бугарската окупација на Македонија тие Македонци што станале бугарски лакеи помислиле дека со некакви титули и материјални добра ќе го привлечат Ченто да се откаже од својата македонска националност и да застане во бугарскиот строј. Па така уште при враќањето од интернацијата во Бајина Башта, Ченто на 26 април 1941 г. пристигнал во Скопје и додека го чекал возот за да се врати во родниот Прилеп случајно се сретнал со еден стар познаник при што бил поканет и присуствувал на собир на кој говорел Глигор Анастасов, адвокат од Кавадарци којшто десетина години порано емигрирал во Бугарија. Пред говорот кога Ченто му бил претставен на Анастасов, адвокатот му рекол дека слушал убави работи за него, и дека Ченто како искажан борец требало да стане член на нивниот комитет и во соработка со бугарската власт што требало да се воспостави да завземе некој пост во Прилеп, можеби да стане и кмет. Во својот говор Анастасов бугарската окупација и власт ја претставувал како некаква победа преку која Македонија се обединила со Бугарија и се спротивставувал на приговорите на некои од присутните дека борбата била за обединување и автономна Македонија велејќи им дека за обединувањето на Македонија ќе се грижела Бугарија и дека идејата за автономна држава Македонија не била ништо друго освен обединување на бугарската нација во една држава со еден цар. За време на говорот и во дискусијата со присутните Ченто молчел па Анастасов директно му се обратил да се искаже што мисли, на што Ченто прво му се заблагодарил што го смета за искажан борец, но дека е изненаден зашто очигледно не бил доволно информиран за што точно се борел.

„Категорично кажав дека не се чувствувам Бугарин, ами Македонец и дека не сум се борел за обединување со Бугарија, туку за обединување на Македонија и за националните права на Македонците.“[8]

Истиот исказ во скратена верзија Ченто го дава и во образложението на својата официјална жалба до Окружниот Суд Скопје за Врховниот Суд на Н.Р. Македонија од 4 декември 1947 г.[9]

Бугарските гестаповски агенти во почетокот на мај 1941 г. уште еднаш со мисла дека наводно бил борец за б'лгарштината го канат Ченто слободно да им се одмазди како ќе посака на затворените Срби и србомани коишто го линчувале заради гореспоменатиот негов исказ во гимназијата за време на српската окупација, но на нивно големо изненадување Ченто го одбива тој предлог.[10]

Во следните две години на бугарските окупатори не само што им станало апсолутно јасно дека Ченто не е борец за нивната кауза, туку дека ќе се бори против нив и затоа почнуваат него да се однесуваат со истите методи со кои предходно се служеа Србите во кралството Југославија. Следувале апсења, измачувања, интернација, логори за принудна тешка физичка работа.[11]

---

[7] Истото, стр.93-100.
[8] Истото, стр.106.
[9] Истото, стр.431-432.
[10] Истото, стр.106-107.
[11] Истото, стр.108-120

Во гореспоменатата жалба од 4 декември 1947 г. самиот Ченто вака накратко ги објаснува овие настани пред неговото излегување во партизани:

„На Петровден (12 јули, з.м.) 1941 год. се растурија првите комунистички летци во Прилеп. Како први политички жертви на тие летци, јас, Благој Попов сегашниот Јавен Обвинител и брат му Никола истовремено во еден ден паднавме в затвор. След моето паѓање в затвор, агентите го чекале Кузмана кај мене на дуќан, тогаш калфите мои го спасиле Кузмана. Од тогаш Кузман стана илегален - партизан. Од тогаш јас четири пати паднав в затвор, еднаш во интернација и еднаш трудови лагер. Во септември 1943 година бев слободен, тогаш добив писмо пишано со рака од другарката на Никола Вражалски, сега Јавен обвинител, за состанок со Кузмана Јосифоски во Скопје. На тој состанок со Кузмана покрај другото решивме за да станам партизан. Со врските што ми ги даде Кузман јас станав партизан.“[12]

Кузман Јосифовски којшто како и Ченто е роден прилепчанец бил комунист, но пред сè македонски национален деец кој заради својата неуморност во организирањето на отпорот за време на НОБ со право во нашата историографија и во пошироката јавност го носи ореолот на „Втор Гоце Делчев“. И иако Кузман бил доста помлад Ченто за него имал посебна почит.

„Кузман беше еден од ретките комунисти, за кој мислев дека искрено зборува за обединување на Македонија, за националните права на Македонците и за рамноправен однос со сите соседни народи. Така мислев и јас, дека ние Македонците треба да одлучуваме за нашата иднина, па затоа му верував.“[13]



1943 год.

През време на партизански живот

На 23 септември заминав од Прилеп за Скопје. Имав јавка земено од Крушево за да се нафатам со борка Јосифоски - Кузмано. Преку разни луѓе на 24-IX вечерта се састанавме во една куќа јас и Кузмано сами долго време разговаравме по сите проблеми и наутре зедовме решение неполну ден да почекам во Скопје каде ке дојди партијата со кога ке заминам кај партиз - заштите во Црвена вода во Дебарца. Истовремено ми кажа дека и Венко Марковски пристигнал во Скопје и тој ке треба да замини штабу. Спер трудена пак се наврвме со Кузмана пак ми кажа дека уште не е дошла партијата и дека Венко ке тргни преку Охрид за

Факсимил од ракописот на Методија Андонов-Ченто во кој пишува за средбите со Кузман Јосифовски и одењето на слободната територија во Дебарца (пишуван 1945 година)

За разлика од многуте други помлади соборци Ченто во партизани излегува на зрела возраст притоа оставајќи го домот и жената со четири деца. Заради тоа, и секако заради целокупната негова дотогашна дејност и стекнат авторитет меѓу македонскиот народ тој по препорака на Кузман Јосифовски е предложен и прифатен за највисоките функции како што биле станувањето член на Главниот штаб на НОВ и ПОМ, како и референт за народната власт.[14]

Ченто сесрдно ги прифаќа и извршува новите должности и секаде каде што присуствува меѓу народот со својот авторитет дава поттик за разгорување на антифашистичката борба со јасен акцент на македонските национални интереси. Така во ноември 1943 г. во едно негово обраќање до селаните на кичевското село Кладник Ченто рекол:

---

[10] Истото, стр.106-107.
[11] Истото, стр.108-120
[12] Истото, стр.432.
[13] Истото, стр.132.
[14] Ѓорѓи Чакарјаневски „Главниот штаб и државноста на Македонија (1941-1945)“, ИНИ, Скопје, стр.170; Ванче Стојчев „Некои аспекти од согледувањата на Методија Андонов-Ченто за македонската народноослободителна војска (1943-1945)“ во зб.: „Ченто и македонската државност“. Прилози од научниот собир одржан на 16 и 17 декември 2002, МАНУ-ИНИ, Скопје, 2004, стр.128.



Методија Андонов - Ченто со сопругата Василка, синовите Илија, Андон, Владимир и ќерката Марија (29 септември 1943 год.)

„Хитлер велеше: „Цел свет ќе биди мој". Но народот не се дава така лесно. Цел свет се крена против него, затоа што фашизмот е основно народно зло. Затоа и ние треба да се бориме против фашизмот. Но, оваа борба за нас Македонците има и друго значение. Ние сега се бориме да се ослободиме од сите наши поробители, кои нѐ поробуваа и нѐ ограбуваа. Еднаш за секогаш ќе ставиме крај на нашето робување. Ќе создадеме наша сопствена држава, во која сите треба да бидиме рамноправни. Да не се експлоатираме едни со други. Да можат нашите деца да учат на својот мајчин јазик. Да изградиме училишта во секое село, во кои ќе учат без да плаќаат. Да имаме свои учители, доктори и други учени луѓе. Да бидиме стопани на своето."[15]

Притоа веќе од самиот почеток му станува јасно дека во овие свои јасни залагања за истакнувањето и бранењето пред сѐ на македонските национални интереси ќе има сериозни проблеми со инструкторите на КПЈ Светозар Вукмановиќ-Темпо и Добривоје Радосављевиќ-Орце, како и на БРП(к) Бојан Б'лгаранов и нивните македонски беспоговорни поддржувачи за коишто кажаното од Темпо и директивите од партијата биле закон, без разлика дали тие кажувања и директиви немале ништо заедничко со македонските национални интереси.

После повеќето последователни инциденти помеѓу Ченто и Темпо околу донесување на некои важни одлуки од македонски интерес, на почетокот на декември 1943 г. веќе почнатата заедничка германско-балистичка офанзива сериозно ја намалила предходно ослободената територија и го стегала обрачот околу силите на македонските партизани. Станало јасно дека треба да се направи пробив при што Темпо предложил тоа да биде на север и преку Косово да се стигне до слободните територии на југословенските партизани во Санџак и Босна, во што веднаш бил поддржан од неговите поддржувачи меѓу македонските комунисти. На тоа се спротивставиле Ченто и неколку други Македонци во раководството коишто помислиле како тој потег би бил разбран од Македонците до кои веќе бил испратен Манифестот на Главниот штаб на НОВ и ПОМ со повикот да се приклучат во борбата против окупаторите, кога ќе разберат дека македонските партизани отишле да се борат во Србија.

„Знаев дека Македонците со душа чекаа да се тргни српската власт, па затоа, во почетокот , ја дочекаа бугарската војска како ослободител. Подоцна се уверија оти и бугарската власт не е ништо подобра од српската. Тоа можеше да ги мотивира да се приклучат во борбата, но само

[15] Илија Андонов-Ченто „Мојот татко - Методија Андонов ЧЕНТО", Скопје, 1999, стр.156.

ако им беше јасно дека таа борба се води за обединување и осамостојување на Македонија. А тоа можеше да биди ако македонските партизани се борат на своја, а не на туѓа земја. Затоа, неколкумина се спротивставивме на тој предлог и се застапувавме ако веќе не можиме да се справиме со германската војска и сме принудени да ја напуштиме Дебарца, тогаш да одиме на исток или југ, каде што зимата е поблага, ама во Македонија.“[16]

Ченто и трезвените македонски патриоти успеале нивното гледиште да се оствари и македонската војска решила да остане во Македонија. После некои перипетии во пределите околу Кичево македонската војска се упатува на југ кон егејскиот дел на Македонија.

Настаните коишто се случувале на овој поход и размислите на Ченто за локалните и некои глобални случувања што директно или индиректно влијаеле на крајниот исход на борбата на Македонците и на изгледот на Македонија после војната, и особено неговото се појасно разидување со некои од комунистите коишто биле само послушни партиски апаратчици може јасно да се проследи од следниве страници од неговиот автобиографски запис објавени во книгата на неговиот син Илија Андонов-Ченто „Мојот татко - Методија Андонов ЧЕНТО“, објавена во Скопје во 1999 г.

МОЈОТ ТАТКО - МЕТОДИЈА АНДОНОВ-ЧЕНТО

ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА

Откако се средивме, после неуспешниот обид да ја преминиме границата, повторно тргнавме да се пробиеме до Егејска Македонија, со цел да се поврзиме со тамошните македонски партизни. Овој пат отидовме преку Преспа и таму стигнавме во почетокот на декември. Проблемот што го имавме со претставниците на Комунистичката партија на Југославија, да ни́ кажуваат што треба да правиме, го имаа и Македонците во Егејска Македонија, која беше окупирана од бугарската и германската војска. Тие има проблеми со грчките комунисти. Тогаш ми стана јасно оти и едните, и другите слушаат некого и дека им е важно да ја искористат војната, за да дојдат на власт. За да не́ придобијат, и едните и другите, прифатија дека сме Македонци, но настојуваа да се бориме заедно - ние од Вардарска Македонија со другите од Југославија, а оние од Егејска Македонија со Грците за ослободување на Грција. За наша, македонска несреќа, некои македонски комунисти тоа го прифатија. Од друга страна, тие, комунистите, бегајќи од репресалиите што ги превзеде бугарската фашистичка полиција, против комунистите, први се најдоа во илегалство и први ја почнаа борбата против окупаторите. Многу не можеше да се разговара со повеќето од нив, не онака како што можев да разговарам со Кузман, затоа што, кога им фалеа факти ќе речеа: "Тоа е директива од горе", или "Така мисли партијата".

Во Егејска Македонија, одржавме заеднички митинзи со тамошните македонски партизани, во повеќе села, во Мегленско, од јужната страна на планината Ниџе. Бевме срдечно дочекувани од народот. Не' дочекуваа како своја војска.

Во меѓувреме, формиравме Иницијативен Одбор за свикување на АСНОМ, а јас бев избран за претседател. Во прво време, покрај мене, Иницијативниот Одбор го сочину-

159

[16] Истото, стр.148-149.

вавме истите луѓе што беа и во Главниот Штаб. Така ги одвоивме работите што беа од војнички карактер, за кои водеше сметка Апостолски, и работите околу собирање делегати за заседанието на Народното Собрание, што ги водев јас. Дури бевме во Мегленско, добивме, преку Кузман, приговор на манифестот, што беше напишан во Црвена Вода. Приговорот беше од членовите на Акциониот Народно Ослободителен Комитет - АНОК, кој беше во Скопје, и за кој нешто ми кажа Кузман, при разговорите со него. Лично сметав оти забелешките во приговорот се сосема на место. Ама во меѓувреме, се одржа Второто заседание на АВНОЈ, каде што се прокламира создавање на Демократска Федеративна Југославија, во која Македонија беше една од федералните единици. Исто така сојузниците: Сталин, Черчил и Рузвелт, ја одржаа Техеранската конференција, на која се договорија дека нема да се менуваат границите на државите до победата, а за некакви промени ќе се договореле после победата на Мировна конференција. Овој, вториов дел од нивниот договор, ни́ влеваше надеж, да ја продолжиме борбата, и тоа позасилено, за да можиме да бараме обединување на Македонија. Исто така, имавме надеж, затоа што словенската делегација на заседанието на АВНОЈ, се изборила за приклучување на Истра, па се надевавме дека и ние ќе се изборите за приклучување на другите делови од Македонија. За да верувам во тоа, имав на ум, дека Димитар Влахов и Владимир Поп-Томов се согласиле да бидат вклучени во македонската делегација на заседанието на АВНОЈ. А едниот беше од Егејска, а другиот од Пиринска Македонија. За да можиме да бидиме во мнозинство, што ќе ја застапува таа идеја, со Апостолски, им пишавме одговор на луѓето од АНОК, во кој ги повикавме да дојдат и да расправаме за сите прашања. Јас не ги познавав луѓето од АНОК, но од она што го пишуваа се гледаше дека се заинтересирани за обединувањето на Македонија. Подоцна, кога дојдоа кај нас, повеќемина од АНОК, влегоа во составот на Иницијативниот Одбор.

Иако, повеќемина, сакавме да останиме што подолго во Мегленско, од една страна заради подобрите временски прилики, а од друга страна, што беше поважно, за подобро зближување со тамошните Македонци , сепак на крајот на декември, падна команда да се префрлиме во Мариово, за да не бидиме на товар само на тамошното население. Зимата

беше многу студена, а на Ниџе имаше многу снег. Кога дојдовме во Мариово, беше околу Божик, и кога влеговме во Витолиште, се закачивме со Петар Брајовиќ. Само што влегов во селото, видов како партизаните носат тројца врзани луѓе. Кога дојдоа пред мене паднаа на колници и почнаа да молат за милост, односно да не бидат стрелани. Беа прилепчани, едниот беше од Макаловци, а другите не ги знаев. Биле писари во општината. Молејќи ме, ми кажаа дека веќе некои други од општината и некои полицајци биле стрелани од претходницата на бригадата. Тогаш прашав:

-Кој наредил да се стрелаат, без судење?

-Јас наредив. - рече Петар Брајовиќ, кој се најде во близината - Сé што е непријателско и што работи со непријателот, треба да биди уништено.

-А зошто? - го прашав.

-Затоа што ова е револуција. - ми одговори, па ме праша - Зарем, ти Ченто не знаеш што е револуција?

-Знам што е револуција, ама не знам што мислиш ти, што е револуција.

-Па, ако сакаш да знаеш - револуција е: да се убива , да се убива и само да се убива. - ми одговори Брајовиќ.

На тоа јас му одговорив:

-Е, ако сакаш сега ти да знаеш што е револуција по мое, да ти кажам оти револуција е еднаш за секогаш да престани убивањето. Затоа барам овие луѓе веднаш да бидат ослободени, пуштени, безбедно да си појдат во Прилеп и да му кажат на народот дека македонските партизани не се разбојници, туку војска која што се бори за слободата на својот народ. Војска, која сака да престани убивањето.

-Кој е овде командант? Јас или ти? - ме праша оштро.

-Овде јас сум командант. Ова е Мариово, а од другана страна на онаа, Селечка Планина, е мојот град Прилеп. Не сакам, таму, да се пронеси вест оти партизаните, на чело со Ченто, убиваат невини луѓе, само затоа, што за парче леб, работеле како писари во некоја општина. Ние чекаме оттаму да ни́ се придружат нови борци. А кога ќе слушнат оти убиваме невини луѓе, мнозина ќе се замислат дали да ни́ се придружат.

-Нека биди така, како што велиш. Но за ова ќе расправа партијата. - ми се закани Петар Брајовиќ.

ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА

Мене не ме интересираше дали ќе расправа и што ќе расправа партијата, затоа што јас не бев нејзин член. И не знам дали расправала, оти никој после тоа не ми рече ни збор.
*

За да нема никакви забуни да истакнаме дека текстот на скенираните страници, како и сите предходни цитати од исказите на Ченто се лично негови зборови запишани делумно уште во 1945 г., а во голема мерка издиктирани пред неговите деца, во краткиот период откако после 9 години и 50 дена тешка робија бил пуштен од затвор, пред сè на најстариот син Илија. Затоа и книгата „Мојот татко - Методија Андонов ЧЕНТО“ е всушност автобиографска книга, во која синот Илија кој е автор и издавач на истата, на самиот нејзин почеток уредно ставил едно појаснување во кое се вели:

„Се надевам дека читателите сами ќе забележат дека раскажувањата на мојот татко Методија Андонов-Ченто се печатени со италик букви, додека за моите раскажувања и за другите препишани документи се користени други букви и фонтови.“ Вредноста на таквиот подвиг на самиот Ченто, и секако на неговото семејство а пред сè на најстариот син Илија кој се потрудил да ги сочува и објави тие записи е од непроценливо значење за осознавањето на овој дел од историјата на Македонија и Македонците.

Ченто не би бил Ченто ако својата вистинска големина не ја покажел и во однос на овие автобиографски записи, затоа што во тешките последни мигови од неговиот живот кога се борел со ракот здобиен од годините на физичката и умствена тортура во Идризово токму на својот син Илија му ги рекол зборовите:

„Јас не жалам оти ќе умрам. Само ми е криво што ќе немам достатачно време да напишам некои работи, коишто историјата на македонскиот народ треба добро да ги

М.А.Ченто со семејството (два дена по излегувањето од Идризово - 6 септември 1955 год.)

забележи, не затоа што јас сум учествувал во тие настани, но затоа што идните поколенија треба да знааат како се одвивала борбата за нашата слобода и да знае кој зошто гинел и кој што направил за неговата слобода.“[17]

[17] Истото, стр.397-398.

Ова никако не значи дека од Ченто треба да се прави некаков идол на кого сега или во иднина му треба некаква идолатрија или идолопоклонство, нешто што сме уверени дека тој самиот никогаш не би го дозволил, туку апсолутно спротивно на тоа - трезвено приоѓање кон тие одредени историски событија за кои имаме како што се вели информации од прва рака, директно од човекот којшто бил првиот претседател на Президиумот на АСНОМ.

„Затоа и денес, во овие недодефинирани историски околности во развитокот на државата, толку изразито е чувството дека како животворна вода ни се неопходни Чентовиот патриотизам и хуманизам, неговата достоинствена свест и критичка совест и неговата тврда верба во победата на правдата.“ [18]

Гоце Панговски

[18] Блаже Ристовски „Ченто и Чентовизмот“ во зб.: „Ченто и македонската државност“. Прилози од научниот собир одржан на 16 и 17 декември 2002, МАНУ-ИНИ, Скопје, 2004, стр.21.

Рецензија на книгата “Селските населби и куќи во Потпелистерието - културно наследство на Битолско-преспанскиот регион”



Книгата “Селските населби и куќи во Потпелистерието - културно наследство на Битолско-преспанскиот регион” претставува магистерска теза одбранета на Архитектонскиот факултет на Универзитетот во Белград. Овој труд претставува многу сложено и содржајно истражување на многу значајна и актуелна тема од областа на проучувањето и заштитата на градителското наследство. Преку научно документирање и систематизација, опишување, анализа и аргументирање формирана е целосна и јасна слика за селските населби и архитектонските карактеристики на куќата во потпелистерскиот крај, во Р.Македонија. Исто така, преку критичка анализа на досега објавените трудови, врз основа на историската граѓа и оригиналните извори, многу

богатата документација поврзана за топографските карти на проучуваните населби, снимките на постојната состојба на куќите и современите фотографии , даден е исцрпен преглед и вреднување на ова особено значајно културно наследство.

Во рамките на овој труд даден е особено систематичен и богат опис на потпелистерските села што е од голема корист за подобро запознавање на стручната и пошироката јавност со нивните природни, историски, културни, морфолошки и обликовни карактеристики, односно за свртување на вниманието кон нивните традиционални, просторни и архитектонски вредности кои треба да се сочуваат.

Овој труд има посебно значење за идните истражувања на селската куќа во другите простори во Македонија, бидејќи дава дефиниција и приказ на основните типови кои можат да се применат во анализата на традиционалните селски куќи во други населби и во други делови на Македонија.

Преку компарација на прикажаните примери прикажан е историскиот и просторниот развој на куќите од едноделни кон повеќеделни и јасно систематизиран со шеми од карактеристичните типови. Анализирани се и прикажани бројни примери , особено во однос на положбата и формата на тремот и чардакот, како значајни елементи на куќата.

Оваа тема на истражување претставува оригинален научен допринос на критичкото согледување на остварените примери, нивните карактеристики и вредности во однос на севкупното градителство во Македонија и на Балканот. Компаративната анилиза и валоризација на карактеристичните примери покажала дека во Потпелистерието се сочувани значајни примероци на селски куќи, кои до денес во доволна мера не биле истражени, анализирани, валоризирани и познати за научната и стручната јавност. Од посебна важност е тоа што со овој труд е обрнато внимание на посебно значајните и вредни примери на традиционални селски куќи во овој крај и на нивните анонимни автори, народните неимари кои граделе и на други подрачја. Тоа отвора можност за понатамошна нивна анализа , критичко посматрање и компарација со други краеви и населби во Македонија и на целото Балканско Полуострово. Овој труд ќе овозможи подобро познавање и објективна валоризација на традиционалната народна архитектура во потпелистерскиот крај во однос на севкупното градителство во Македонија и на поширокиот балкански простор. Тоа ќе допринеси и за нивната подобра институционална заштита и зачувување во автентичен облик, како исклучително значајно културно наследство.

Потребно е да се истакне дека трудот на етнологот, д-р Викторија Момева Алтипармаковска, “Селските населби и куќи во Потпелистерието - културно наследство на Битолско-преспанскиот регион” се издвојува со посебна студиозност и пристап кон оваа тема, како и со исклучително богата илустрирана граѓа. Тоа е особено значајно за целокупното вреднување и зачувување на градителското наследство на потпелистерскиот крај и Р.Македонија, бидејќи само преку вакви истражувања и нивно објавување може да се усмери вниманието на јавноста на традиционалните форми на живеалишта и на вредноста која тие ја имаат за зачувување на автентичноста и духот на местото, што има посебна културна вредност за сегашните и идните генерации.

(дел од рецензијата на доц.д-р Митјана Ротер Благојевиќ)

ПОЕЗИЈА - МИЛИЦА ПАШОВСКА

КАЖИ МИ

Кажи ми, песна како никнува
во една летна ноќ,
како ѕвезда ли бликнува
за да просветли небо со посебна моќ?
Дај, шепни ми, како убав збор се пишува
во два,три реда со молк ли се испишува?
Со вистина ли се гасне жедта писателска,
или со љубов пријателска?

Испеј ми песна стара
засвири на твојата гитара,
да ми смириш мисли диви,
да ми растераш облаци сиви.

Кажи ми, песна како никнува
дали во една летна ноќ таа проникнува?
Да знам, од кој почеток да почнам,
со кој крај да завршам.
Да знам, во кој поглед да се загледам
за таму душа да заледам и да откријам
каде се раѓа песната а каде стихот умира.
Дај,одгатни ми како сон се сонува
дали дури песна ѕасвонува,
на старите порти, дали дури тивко одѕвонува?

Кажи ми, со кој збор љубовта ти започнува
баш тој да го напишам,
и да не мислам кој крај да го допишам
тебе како вечност да те опишам.
Кажи ми, песна како никнува?

Милица Пашовска

Слики - Владо Јаневски



fly away
time to fly away
time is running out... time to say goodbye...
goodbye
fly away
time to go around the sun
Now
Now
Now
Now
Now
Now
Now
Now
Now
Now
Now
Never
Never
Never
Never
time to say I Love You
time to be clear... time to be creative
time to clear the air
Best Time
I need A time MACHINE!
time to leave
time to be yourself
Time out
time to set the WORLD
Time is on my side
Time to SAY I HAD enough
VLADO
I'm LATE!
there is no time left... I have to pack and go... ASAP!

Светот на Бромо - Владо Јаневски



Никола Карев

Никола Карев,

македонски революционер, портрет карикатура, молив на хартија

Никола Анѓелкоски

Икони од Македонија

Исус Христос Седржител и Животодавец, околу 1400-1405 година, црква Св. Димитрија, Марков манастир, Скопје.

Св. Никола, последна четвртина на XVIII век, непознато потекло, Музеј на Македонија.

1991
СУВЕРЕНА
2.50
МАКЕДОНИЈА
1991
ZIN

„Македонска ризница“
на сите Македонци ширум светот
им ја честита 22-годишнината од
независноста и осамостојувањето на
Република Македонија

Можете:

да споделите – да умножувате, дистрибуирате, јавно да го прикажувате или јавно дигитално да го прикажувате делото.

Под следните услови:

Наведи извор — Морате да го наведете изворот на ист начин како што тоа го направил авторот или давателот на лиценцата (но не на начин кој би сугерирал дека тие ве поддржуваат вас или вашето дело).

Некомерцијално — Не смеете да го користите ова дело за комерцијални цели.

Без адаптирани дела. — Не смеете да го промените, трансформирате или да го адаптирате ова дело.

Е-ПОШТА:
makedonska.riznica@yahoo.com

Медиумски покровители:

НОВА ЗОРА

ГОРЕ ГЛАВАТА!

ТопПост

TopPost.mk

cOoLTuRa